СОЈУЗ НА МАКЕДОНСКИ КУЛТУРНИ ДРУШТВА ВО СЛОВЕНИЈА

# 20 ГОДИНИ УСПЕШНО ДЕЈСТВУВАЊЕ
# СОЈУЗ НА МАКЕДОНСКИ КУЛТУРНИ ДРУШТВА ВО СЛОВЕНИЈА




Љубљана, 2014

**Издавач:**
СОЈУЗ НА МАКЕДОНСКИ КУЛТУРНИ ДРУШТВА ВО СЛОВЕНИЈА
**Уредници:**
д-р Илија Димитриевски
Благоја Настески
д-р Крсте Димитровски
м-р Трајче Андонов
Проф. д-р Драги Стефанија
Мирче Ивановски
Владо Гаврилоски
Виолета Матијевиќ
Игор Бизимоски
Марко Матовски
Борчо Лазов
Бобан Пијанманов
м-р Георги Златарев
Зекирија Шаиноски
Весна Петрова Ристова
Игор Захариев
**Фотографија:**
Архив на СОЈУЗОТ НА МАКЕДОНСКИ КУЛТУРНИ ДРУШТВА ВО СЛОВЕНИЈА
Личен архив на членови на членките на СОЈУЗОТ НА МАКЕДОНСКИ КУЛТУРНИ ДРУШТВА ВО СЛОВЕНИЈА
**Лекторирање:**
Наталија Орлиќ с.п.
**Дизајн и техничко уредување:**
Игор Захариев
**Печати:** Печатница Весел
**Тираж:** 600 примероци
Во електронска форма публикацијата е достапна на: http://www.mkd-kim.si/monografija/zveza

CIP - Kataložni zapis o publikaciji
Narodna in univerzitetna knjižnica, Ljubljana

061.2:379.82(497.4=163.3)"1994/2014"(0.034.2)

008(497.4=163.3)"1994/2014"(0.034.2)

ZVEZA makedonskih kulturnih društev Slovenije
[Dvaeset]
20 godini uspešno dejstvuvanje Sojuz na makedonski kulturni društva vo Slovenija [Elektronski vir] : 1994-2014 : monografija / urednici Ilija Dimitrievski ... [et al.] ; fotografija arhiv na Sojuzot na makedonski kulturni društva vo Slovenija, ličen arhiv na članovi, na članki te na Sojuzot na makedonski kulturni društva vo Slovenija. - El. knjiga. - Ljubljana : Sojuz na makedonski kulturni društva vo Slovenija, 2014

Način dostopa (URL): http://www.mkd-kim.si/monografija/zveza/mk.pdf

ISBN 978-961-281-536-3 (pdf)
1. Dimitrievski, Ilija
275362304

# МОНОГРАФИЈА

**20 ГОДИНИ УСПЕШНО ДЕЈСТВУВАЊЕ**

**СОЈУЗ НА МАКЕДОНСКИ КУЛТУРНИ ДРУШТВА ВО СЛОВЕНИЈА**

**1994 – 2014**



## Содржина

Вовед

1. Од Основачкото собрание на Сојузот на МКД во Република Словенија до денес
2. Поврзување и соработка со македонските и другите културни друштва
3. Соработка меѓу државите, Амбасадата на Република Македонија во Република Словенија и Сојузот на МКД во Република Словенија
4. Билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Словенија и почеток на дополнителната настава на македонски јазик со историја, географија и литература
5. Соработка со Македонската православна црковна заедница во Република Словенија
6. Организација и координација на проектите од областа на културата и соработка со Министерството за култура на Република Словенија
7. Презентација на постигнувањата на членките на Сојузот на МКД во Република Словенија

   МКД Македонија, Љубљана

   МКД Св. Кирил и Методиј, Крањ

   МКД Билјана, Марибор

   МКД Илинден, Јесеници

   МКД Ватрослав Облак, Целје

   МКД Охридски бисери, Нова Горица

   МКД Кочо Рацин - Обала, Копер

8. Информациска мрежа на членките на Сојузот на МКД во Република Словенија
9. Значајни постигнувања и добитници на признанија по повод 20-годишнината на постоењето на Сојузот на македонските културни друштва

## Вовед

Македонската заедница во Словенија има долга историја. Записи за одамнешните врски меѓу Словенците и Македонците постојат уште од времето на светите Кирил и Методиј и подоцна, откога св. Климент и св. Наум Охридски на пат кон Рим, половина година престојувале меѓу Словенците во Панонија и Карантанија. Во 17. век Јанез Валвазор ги спомнува Македонците и Македонија, иако тоа е во врска со античките Македонци. Ватрослав Облак од Целје значајно придонесе при определувањето на македонскиот јазик. Марко Похлин во Крањска граматика пишува дека јазикот во Крањска е еднаков како во Македонија. Мирослав Хумбаер во Разловечкото востание (1877/78) станал началник на главниот штаб кај Никола Беровски. Пред Илинденското востание во Љубљана е формиран Македонски комитет за помош на Македонците. Во првата половина на 20. век во Словенија живееле Македонци, а исто така и Словенци во Македонија. Во 1939 година во Македонија биле населени околу 45000 Словенци. Во текот на НОБ во македонските партизански чети била формирана словенечка чета. Во 1945 година две македонски дивизии учествуваат во борбите за Словенија. По завршувањето на војната Македонците доаѓаат во Словенија на студии, на учење занает и сл., но исто така и Словенците одат во Македонија. Со сигурност можеме да кажеме дека во втората половина на минатиот век во Словенија (според пописите од 1992 и 2002 година) живееле околу 4500 лица кои се определиле како Македонци.



*м-р Трајче Андонов*

Првите организирани заедници на Македонците биле заедници на студенти од Македонија, а подоцна и на имигрантите кои се доселиле во Словенија. Често се случувало дипломираните студенти да останат во Словенија, да се оженат и да формираат сопствено семејство.



*Наум Таштановски*

Осамостојувањето на Словенија и распаѓањето на заедничката држава ги доведе Македонците и припадниците на другите народи кои мнозински се определија за новата држава во состојба на културна изолација. Врските со институциите и со поединците од некогашните републики беа физички прекинати.

Во годините по прогласувањето на самостојна Словенија и во согласност со Законот за друштва се формираа бројни здруженија врз основа на националното, односно културното наследство.



*д-р Крсте Димитровски*

Самоорганизацијата на македонската заедница по осамостојувањето на Словенија започна во 1991 година. Македонското културно друштво Македонија беше оформено во почетокот на 1992 година. Тоа беше прво здружение од областа на културата во самостојна Република Словенија, оформено од страната на припадниците на народите од некогашната Југославија. Набргу потоа следеа основачките собранија на МКД Св. Кирил и Методиј во Крањ, МКД Билјана во Марибор, МКД Ватрослав Облак во Целје, МКД Илинден во Јесенице, а нешто подоцна и во Изола и Копер, Нова Горица и други градови.



*д-р Илија Димитриевски*

Цел на оваа МОНОГРАФИЈА, посветена на Сојузот на македонските културни друштва во Република Словенија, е на едно место да собере и презентира што повеќе документирани записи од постигнувањата и работењето на Сојузот и неговите членки во изминатите дваесет години.



*Марко Матовски*

На страниците на оваа МОНОГРАФИЈА се обидуваме да го насликаме почетокот и развивањето на Сојузот на македонските културни друштва во Република Словенија и нејзините членки, нивната меѓусебна соработка, контактите со сродните здруженија во матичната татковина и пошироко во Европа, вклучувањето во општествениот и културен живот во Словенија, непосредните односи со матичната татковина и Амбасадата на Република Македонија во Република Словенија и Македонската црковна заедница во Република Словенија.



*Благоја Настески*

Се надеваме дека оваа монографија ќе придонесе кон подобра препознатливост на Македонците и нивните симпатизери кои живеат и работат во Словенија, и дека ќе влијае врз зацврстувањето на идентитетот и врз пренесувањето на културната традиција на идните поколенија.

**Досегашни претседатели на Сојузот на македонските културни друштва во Република Словенија**

**м-р Трајче Андонов (1994–1997; 2003–2005);**

**Наум Таштановски (1997–1999);**

**д-р Крсте Димитровски (1999–2001);**

**д-р Илија Димитриевски (2001–2003);**

**Марко Матовски (2006–2010);**

**Благоја Настески (2011–2014).**

# Од Основачкото собрание на Сојузот на МКД во Република Словенија до денес

МАКЕДОНЦИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА СЛОВЕНИЈА

Македонската заедница во Словенија има долга историја. Записите за одамнешните врски меѓу Словенците и Македонците постојат уште од времето на светите Кирил и Методиј. Во првата половина на 20. век во Словенија живееле Македонци, а исто така и Словенци во Македонија. Со сигурност можеме да кажеме дека во Словенија, во втората половина на минатиот век (пописите од 1992 и исто така од 2002 година), живееле околу 4500 лица кои се определиле како Македонци. Бројот е, веројатно, уште поголем, бидејќи некои не се определиле како Македонци или, едноставно, не биле опфатени со пописот. Во наведениот број се вклучени само државјани на Република Словенија. Покрај нив, во Словенија живеат и дејствуваат барем уште толкав број доселеници и студенти.

Познато е дека припадниците на одреден народ кои живеат во странство чувствуваат потреба за дружење со припадниците на сопствениот народ и тоа пред сè поради негувањето на јазикот, обичаите и културните навики. Македонците не се исклучок од таа практика. Првите организирани заедници на Македонците биле здруженијата на студентите од Македонија, а подоцна и мигрантите кои се населиле во Словенија. Студентите по дипломирањето често останувале во Словенија, се женеле и формирале семејство. Овдека задолжително треба да нагласиме дека Македонците, како и секаде по светот, успешно се интегрирани во словенечкото општество и често се и на граница да се асимилираат. Ова посебно важи за втората односно третата генерација. Сличен пат минуваат генерации на Македонци иселени низ целиот свет кога го бараат своето место во другите земји.

**Периодот до крајот на Втората светска војна**

При оформувањето на првото македонско здружение во Република Словенија, проф. д-р Драги Стефанија, кој беше меѓу членовите на одборот за основање на Македонското културно друштво Македонија, понуди и своевидна хронологија на врските меѓу Македонија и Словенија. Во продолжение цитираме дел од неговиот говор:

***„Почитувани пријатели, драги гости,***

***иако Словенија не е македонски сосед, постојат длабоки и дамнешни врски меѓу двата народа. Тие започнуваат одамна, кога св. Климент и св. Наум Охридски на пат кон Рим, половина година престојуваат меѓу Словенците во Панонија и Карантанија. Во 17. век Јанез Валвазор ги спомнува Македонците и Македонија, иако во врска со античките Македонци. Ватрослав Облак од Целје има значаен***

***придонес при определувањето на македонскиот јазик. Марко Похлин во Крањската граматика пишува дека јазикот во Крањска е еднаков како во Македонија. Мирослав Хумбаер во Разловечкото востание (1877/78) станува началник на главниот штаб кај Никола Беровски. Пред Илинденското востание во Љубљана е формиран Македонски комитет за помош на Македонците, а од 1903 до 1906 година при изградбата на железницата Белјак - Горица учествувале над 500 македонски работници од Битолско, Прилепско, Скопско, Леринско, Радовишко и други места. При несреќите во тунелите загинале многумина од нив, за што денес сведочат надгробните споменици во Подбрдо и Бохињска Бистрица. По Првата светска војна пак, Словенци од околината на Трст, Горица и Корошка се имаат преселено во Македонија. Кај Градско е населено словенечкото население од селото Бистренци (Бистреница на словенечки). Во 1939 год. во Македонија биле населени околу 45000 Словенци. Во текот на НОБ во македонските партизански единици била формирана словенечка чета. Во 1945 год. македонската војска учествува со две дивизии во борбите за Словенија“.***

**Периодот до осамосвојувањето на Република Словенија**

Во некогашната СФРЈ државните институции програмски ја водеа интернационализацијата и културната размена меѓу републиките и народите на заедничката држава. Бројните културни размени и средби овозможуваа контакт со матичните републики и народи. Формирањето на културните здруженија на национална основа не беше поддржано и не се чувствуваше некоја посебна потреба по нив, поради интернационализмот кој државата го нагласуваше толку силно. Постоеја неформални дружења во вид на клубови.

Периодот до осамостојувањето на Република Словенија подетално е опишан во продолжението на говорот на проф. д-р Драги Стефанија:

***„По завршувањето на војната почнуваат да доаѓаат Македонци на студии, учење занаети како и одење на Словенци во Македонија. Несомнено, тука треба да се вклучат и војниците од југословенската (денес веќе не) армија (ЈНА). Според нецелосни но веродостојни податоци, денес во Словенија, и тоа во повеќе места, живеат 4500 - 5000 Македонци со нивните семејства. Тоа се работници, ученици, студенти, градежни работници, возачи, електричари, поштари, железничари, инженери, правници, музичари, професори, учители, лекари, цариници, главно, работни луѓе и лојални граѓани на Словенија. Многу воени лица со своите фамилии живееле и порано, па останале и по последните „несреќни“ настани и тоа како чесни граѓани.***

***По отворањето на Скопскиот универзитет многумина матуранти се***

***запишуваат на факултети во Словенија кои ги немало во Македонија, како што биле музикологија, рударство и металургија, текстилна технологија, електроника и друго. Многумина денес работат како успешни стопанственици или научно-педагошки работници. Во 70-тите години масовно се запишуваат на електроника и компјутерска техника повеќе десетици Македонци.***

***Во 60-тите години започува првиот преселенички бран, кога македонската економска политика ги принудува Македонците да бараат работа и егзистенција во Австралија, Канада, Западна Европа и во развиената Словенија. Македонците се населуваат во Љубљана, Крањ, Марибор, Копер, Ново Место, Постојна, Целје, Велење, Јесенице и во други места. Во тие места почнува и некаков заеднички живот, навистина, во почетокот срамежливо, можеби по некаков успешен работен настан, роденден, Велигден, Божиќ и други празници. Според сведочењето на Петар Николовски, некаде во 1954 год. кога Македонците сакале да организираат некаков собир, им одговориле дека ова не е Германија туку Југославија, и нема потреба од посебна македонска организација. Често пати биле и посегањата на полицијата која ја задушувала секоја македонска пословодна изјава. „Се собиравме како глувци во студентската менза на Миклошичева на игранка, ќе запеевме срамежливо по некоја македонска песна и бегај дома“, вели Николовски. Поорганизирани собирања имаше во 1961 год. во студентската населба што ги организираше и водеше Симон Гугуловски во кафеаните Под Липо, Мрак или Ловец. Три години подоцна, во 1964 год. е регистриран студентскиот клуб Гоце Делчев, како член на покраинските клубови, чијшто претседател бил Павле Рибарски, а членови Благоја Крстески и Никола***


SOJUZ NA STUDENTITE OD JUGOSLAVIJA

ČLENSKA KNIŠKA

KLUB NA STUDENTITE OD MAKEDONIJA

UNIVERZITET VO LJUBLJANA

Br. na čl. kniška: 1

Prezime: НАСТЕСКИ

Ime: БЛАГОЈ

potpis

Podatoci na radjanjeto: 1. 4. 1942

СЛОЈШТИЦА

Fakultet: ЕКОНОМСКИ

Br. na ličnata karta: 93

| Godina | Mesec | Iznos | Potpis |
|---|---|---|---|

*Членска книшка бр.1: Прв регистриран клуб на студенти од Македонија во Словенија*

*Наумоски. Во 1967 клубот го води Михаило Хаџи-Стериу, 1968 - 1969 Јордан Упале, 1971 - 1972 Душко Мишески, 1973 Павле Стојменски, 1974 - 1975 Трајче Андонов и 1976 - 1977 Мице Карев. По 1977 се намалува бројот на студентите од Македонија, затоа што дел од домот што го изгради скопската железарница за потребите на своите кадри беше делумно продаден. Од тие причини и клубот престана да работи. Потоа спонтано почнаа нови собирања за 11 Октомври (тогаш најчесто и се собиравме), па за Стара нова година - Василица кај Ловец, Жагар, Мрак и Сламич. Се организираа и по два големи излета во 1985 и 1986 крај Сава. Последниве 7 години тоа собирање изгледаше многу поорганизирано и помасовно. На собирите имаше од 200 до 400 Македонци не само од Љубљана, туку и од други градови и тоа не само Македонци христијани туку и Македонци муслимани. Нас нè соединува заедничка татковина, јазик, народна песна, менталитет и проблеми. Во 1985 год. во Основното училиште Шентвид се собравме 200 нашинци за 11 Октомври под организација на Љубен Димкароски, кој беше иницијатор за следниот собир по повод 11 Октомври во 1986 год. во месната заедница Вижмарје - Брод. Од 1987 год. беше формиран одбор за прослава на 11 Октомври во којшто влегоа Трајче Андонов, Љубен Димкароски, Благоја Кулевски, Димитар Гочевски и други. Тие собири се одржаа*



*Формално дружење во процесот на самоорганизација*

*во Домот на ЈНА во Љубљана и тоа поради најповолните услови. На овие собири се изведуваа и рецитаторско-пејачки точки, како и настапи од хорови раководени од Љубен Димкароски. На нашите собири настапуваа највидни македонски интерпретатори на македонска народна музика: Кочо Петровски, Виолета Томовска, Јанко Узунов, Пепи Бафтировски, Илмијата од Штип, ансамблот Македонски мерак и други. Организиравме и сликарско-скулпторска изложба на нашите тукашни уметници Стојан Размовски, Славе Стефановски и Георги Божинов, настап на поетот Трајан Јовановски Брдарски итн. Во 1991 год. се собравме во ресторанот Рио во своја организација и македонска музика, со пригодни поздрави и веселба останавме до зори околу 160 души. Ова беа вистински иницијативи за прераснување во културно друштво на Македонците“.*

## 20 години од настанување на македонските културни друштва и Сојузот на МКД во Република Словенија

Осамостојувањето на Словенија и распадот на заедничката држава, Македонците и припадниците на другите народи, кои мнозински повеќето се определија за новата држава, ги доведе во состојба на културна изолација. Врските со институциите и со поединците од некогашните републики беа физички прекинати. Како последица се појави потребата за самоорганизирање за зачувување на народниот и културниот идентитет на припадниците на народите на некогашната заедничка држава СФРЈ и тогаш веќе државјани на Словенија. Во годините по прогласувањето на самостојна Словенија и во согласност со Законот за друштвата се формираа бројни здруженија врз основа на народното, односно културното наследство.

По осамостојувањето на Словенија во 1991 година започна самоорганизацијата на македонската заедница, прво во потесни кругови на пријатели и повидни македонски претставници во подрачјето на културата, науката и стопанството. Македонското културно друштво Македонија беше формирано во почетокот на 1992 година. Тоа беше прво културно друштво формирано од страна на припадници на народите од некогашната Југославија во самостојна Република Словенија. Основачката седница на МКД Македонија се одржа на 18.1.1992 во просториите на Операта во Љубљана. На почетокот преовладуваше концептот да се организира матично здружение со седиште во Љубљана и одбори по поголемите градови низ Словенија, каде живееја и дејствуваа претставници на македонската заедница. Наскоро се покажа потреба за организација и на други самостојни здруженија во поголемите градови, кои ќе покриваат пошироко подрачје и ќе се поврзуваат во сојуз на македонски културни друштва во Словенија.

Набргу потоа следеа основачките собранија на МКД Св. Кирил и Методиј во Крањ, МКД Билјана во Марибор, МКД Ватрослав Облак во Целје, МКД Илинден во Јесенице, а нешто подоцна и во Изола и Копер, Нова Горица и други градови. Во статутите на овие здруженија беа запишани програмски насоки кои со годишните програми содржински се приспособуваа кон локалните потреби и капацитети. Активностите на претседателството на Сојузот на МКД и потребите за размена на програмски содржини ја обезбедуваа соработката меѓу здруженијата. На тој начин поединечните програмски содржини и иницијативи на членките договорно ги вклучивме во годишните планови за заедничките настапи. Со зголемувањето на економската самостојност преку финансирање на проектите на општинско и државно ниво, прво во Министерството за култура, а потоа преку Јавниот фонд за културни дејности на Република Словенија (JSKD), овие проекти самостојно ги реализираа членките на Сојузот на МКД. Така, секое здружение постапно воспоставуваше непосредни

контакти со сродните здруженија во Словенија, Македонија и другите држави во Европа и пошироко.

Сите овие здруженија и денес, било со своето самостојно дејствување било со работата во Заедницата на македонските културни друштва во Словенија, спроведуваат бројни активности со кои остваруваат благородна мисија – зачувување на културниот и националниот идентитет на Македонците во Словенија.

Континуирано се одржуваат приредби на кои соработуваат сите секции кои дејствуваат во рамките на здруженијата. Сликарските изложби, предавањата, издавачката дејност, музичката дејност итн. се само дел од она што се случува во рамките на активностите на здруженијата. Веќе на самиот почеток, секое културно друштво си избра еден од значајните македонски празници, за кои ќе организира средба на сите македонски здруженија. Така, средбите се одвиваат на следните празници:

- МКД Македонија, Љубљана – 11 Октомври (денот на востанието)
- МКД Св. Кирил и Методиј, Крањ – 24 Мај (деновите на Св. Кирил и Методиј)
- МКД Кочо Рацин, Копер - Велигден
- МКД Ватрослав Облак, Целје - 6 Мај - Ѓурѓовден
- МКД Илинден, Јесеници – 2 Август - Илинден
- МКД Билјана, Марибор – 8 Септември (денот на осамостојувањето на Македонија)

Средбите се извор на убави доживувања, бидејќи овозможуваат членовите и нивните пријатели да се сретнуваат и дружат. Покрај тоа, средбите се можност да настапат фолклорните и музичките групи, да се организираат еднодневни ликовни колонии, настапи на хоровите, ликовни и кипарски изложби, спортски средби и слично. Сето тоа е поткрепено со традиционални македонски јадења и пијалоци.

Покрај горенаведените средби на здруженијата, тие се активни и на бројни подрачја како што се: музичко–инструментална, хорска дејност, ликовно –изложбена, литературна, фолклорна, спортска, фотографска, галериска, издавачка – за интерни изданија, информациски веб-портали на здруженијата и многу други кои опсежно се документирани во изданијата на ВЕСНИК – МКД Македонија, ДЕТЕЛИНА - МКД Илинден, НАШЕ СОНЦЕ – МКД Св. Кирил и Методиј и на веб страниците.

При реализацијата на нашите програми постојано се соочуваме со недостиг на финансиски средства. Финансиите остануваат на исто ниво веќе редица години наназад, иако бројот на програмите и нивниот квалитет растат. Стопанската криза во последните години го намали и без тоа малиот број донатори.

# Поврзување и соработка со македонските и другите културни друштва

## 10 години од дејствување на координацијата EXYUMAK и нејзиниот наследник Сојузот на културни друштва на Словенија

При финансирањето на дејностите на здруженија од областа на културата на народите од некогашната заедничка држава се чувствува отсутност на системска поддршка. Тоа е клучен фактор за одржување и понатамошен развој на постигнатиот квалитет на работењето.

Денес во Словенија дејствуваат повеќе од 100 такви здруженија, а 13 од нив програмски го поддржуваат негувањето на македонското културно наследство во Словенија. За организираноста и дејствувањето на овие здруженија се објавувани стручни и други публикации. И самите здруженија и Сојузот на друштвата издаваат сопствени списанија и публикации.

Во 2003 година преку Сојузот на културните друштва, здруженијата се поврзаа во таканаречена Координација EXYUMAK а подоцна, врз основа на Законот за друштвата, се обединија во Сојуз на сојузите на културните друштва во Словенија, со цел полесно остварување на нивните програми во однос на државата и нејзините институции.

Договорот за формирање на координацијата го потпишаа сојузите на културните друштва на Албанците, Бошњаците, Хрватите, Македонците, Србите и подоцна и Црногорците на ден 17.9.2003 година. Во член 2 се запишани и целите:

- да ги зајакнува пријателските контакти меѓу сојузите;
- со претставниците на законодавната и извршна власт на Република Словенија се обидува на соодветен начин да ја решава положбата на националните малцинства, пред сè, да ја иницира и спроведе постапката за промена на Уставот на Република Словенија така што на Албанците, Бошњаците, Црногорците, Хрватите, Македонците и Србите, државјани на Република Словенија кои живеат во Република Словенија, **да им се признае положбата на национално малцинство;**
- **со претставниците на извршната власт на Република Словенија да се обиде да им обезбеди соодветни услови на малцинствата на подрачјето на образованието, културниот идентитет и можноста за изучување на мајчиниот јазик во училиштата;**
- да ги застапува сојузите во поглед на други прашања за кои би добила овластување за застапување.

Признавањето на статусот на сите наброени национални заедници има суштествено значење за остварувањето на колективните права на наведените национални заедници во подрачјето на негувањето на јазикот и културниот идентитет во словенечката јавност.



*Претставници на Сојузот на сојузите на културните друштва на конститутивните народи на поранешна СФРЈ при прифаќањето на Декларацијата во Собранието на Р Словенија*

Словенечката јавност ја запознавме со Јавната иницијатива, која ја презентиравме на тркалезната маса на Комисијата за борба против расизмот и нетрпеливоста (ECRI) при Советот на Европа, во Унионската дворана на 14.10.2003 година, во Љубљана. Медиумите и јавноста ја игнорираа нашата иницијатива, со исклучок на Младина, која накратко ја претстави содржината. Исто така, првите обиди да се остварат контакти со видните претставници на политиката и државната управа, со исклучок на Министерството за култура, останаа без одговор.

Првиот означаен успех беа собраниските и претседателските избори кои овозможија разговори со поголемите политички партии и со кандидатите за претседател на Република Словенија. Првиот круг разговори не даде значајни резултати. Поради тоа, претседателството на координацијата EXYUMAK се одлучи за формирање сојуз на сојузите на културните друштва во Словенија во вид на правно лице, за подобро комуницирање со државните и политички органи на Република Словенија. Основачкото собрание на Сојузот на сојузите на културните друштва во Словенија (во продолжување Сојуз на сојузите) се одржа на 13.5.2006 година во Љубљана, а решението за регистрацијата на Сојузот го добивме на 13.11.2006 година.

Европската комисија за борба против расизмот и нетрпеливоста при Советот на Европа (ECRI) по третпат ја посети Словенија во 2007 година и во својот извештај запиша, дека Република Словенија мора адекватно да го реши прашањето на малцинствата на оние припадници на народите на некогашната заедничка држава кои живеат во Словенија.

Најголема подготвеност за соработка покажаа Министерството за култура и Министерството за образование, наука и спорт, но немаа соодветни законски темели за конкретно подобрување на положбата.



*Тркалезна маса „Кои се малцинство во Република Словенија?“*

Продолживме да контактираме со претседателите на државата, со Владата на Република Словенија, со претседателите на Собранието и со претседателите на политичките партии кои нè примија на разговори и ги запознавме со нашите очекувања и цели, запишани во Спогодбата и Статутот за формирање на Сојузот на сојузите.

Организиравме и учествувавме на речиси сите приредби кои ги организиравме или сами или ги организирале други организации на граѓанското општество.

Дури во 2010 година наидовме на подготвеноста на пратеничката група на социјалдемократите и пратениците Миран Потрч и Јања Класинц да изведат парламентарна иницијатива во форма на Декларација, која во Собранието на Република Словенија беше прифатена на 2 февруари 2011 година со 63 гласа за и 3 воздржани, од вкупно 72 присутни пратеници. Покрај владините странки, декларацијата доби поддршка и од опозиционата партија на социјалдемократите во Словенија.



*Претседателот Пахор се сретна со претставници на Сојузот на сојузите на EXYUMAK*

Како резултат на разговорите со државата и Владата на Словенија е формирање на Советот при Владата во 2011 година. Советот при Владата имаше две седници во Владата на претседателот Борут Пахор. Советот беше укинат откога како претседател на Владата на Република Словенија беше избран Јанез Јанша.

Целите на Советот остануваат исти, како што се запишани во Спогодбата за формирање сојуз на сојузите, а тоа е уставно признавање на положбата на малцинствата за сите државјани на Словенија кои се припадници на народите на некогашната заедничка држава. Таа цел е предуслов за приготвување други законски и подзаконски акти за остварување посебни колективни права за зачувување на јазиците, културите, пристапот кон јавните медиуми, политичката партиципација и достоинство на наведената група државјани на Република Словенија.

Претставникот на македонската заедница д-р Илија Димитриевски беше претседател на координацијата EXYUMAK и прв и сè уште актуелен претседател на Сојузот на сојузите со едногодишен мандат.

## Соработка меѓу државите, Амбасадата на Република Македонија во Република Словенија и Сојузот на МКД во Република Словенија

Билатералните односи меѓу Република Словенија и Република Македонија во континуитет ги карактеризира висок степен на пријателство и партнерство. Тоа е резултат на меѓусебното почитување и интензивната соработка на сите подрачја на општествениот живот.

Република Словенија подрачјето на Западниот Балкан го поставува високо на својата надворешно-политичка агенда и со тоа и Република Македонија зазема значајно место во дипломатските активности на Република Словенија.

Двете држави имаат мошне сродни и тесни контакти. Двете републики беа дел од СФРЈ и подоцна ја прогласија својата независност (Словенија во јуни, а Македонија во септември 1991 година).

Меѓусебно се признаа на 12.2.1992 година, а дипломатските односи меѓу двете држави беа воспоставени на 17.3.1992 година.

Првиот амбасадор на Република Македонија во Република Словенија беше д-р Димитар Мирчев, а потоа следеа амбасадорите Илијаз Сабриу, Самоил Филиповски и од 2011 година па сè досега, Игор Попов.

Словенија традиционално ги поддржува очекувањата на Република Македонија за полноправно членство во Европската Унија и НАТО. Големо значење му дава на зачувувањето и подобрувањето на соработката со Република Македонија за кое смета дека е клучен фактор за зачувување на мирот и стабилноста во регионот. Република Словенија го поддржува членството на Република Македонија во НАТО како одлучувачки придонес кон мирот, безбедноста и напредокот во регионот, а самиот почеток на пристапните преговори со ЕУ е нужно потребен за развивањето на државата и нејзините жители.

Во односите меѓу Република Македонија и Република Словенија нема отворени прашања. За квалитетот на односите и безрезервната поддршка која на Република Македонија ѝ ја нуди Република Словенија во доменот на евроатлантските интеграции, сведочат бројни размени на работни и официјални делегации на високи и највисоки државни нивоа.

Духот на партнерските односи кој се темели на меѓусебната непрекината поддршка и преплетената соработка на сите подрачја на општествениот живот и генералните насоки на словенечката политика во поглед на Република Македонија, детално се запишани во Декларацијата за Западниот Балкан од 2010 година. Сакаме да го нагласиме следното:

- Словенија го поддржува приближувањето на државите од регионот кон Европската Унија и НАТО и се зазема за добрососедски односи;
- Словенија се труди Македонија да почне преговори за членство во Европската Унија и ќе ѝ нуди помош на државата во спроведувањето на нужните реформи;

- Словенија ќе продолжи со поддршката за што побрзо вклучување на Македонија меѓу членките на НАТО;
- Словенија е подготвена на Македонија да ѝ понуди поддршка при затворањето на долгогодишниот спор во врска со името меѓу Македонија и Грција;
- Словенија сака да оствари поволни услови за реализација на словенечките национални интереси, пред сè на словенечкото стопанство, како и за придонес кон трајната стабилност во регионот.

Посебно значајна е развојната и техничка помош која Република Словенија ѝ ја овозможува на Република Македонија во процесот на интеграцијата во Европската Унија со пренос на сопствени искуства во пристапниот процес, со зајакнување на капацитетите на нејзината админист-рација.

На 25.7.2013 година, на средбата на претседателите на државите на Западниот Балкан во Брдо кај Крањ, надворешните министри на двете држави, Попоски и Ерјавец, го потпишаа Меморадумот за меѓусебната соработка за периодот од 2013 до 2015 година. Со него се предвидува реализација на развојните проекти во вкупен износ од 1.426.788 €. Развојната соработка е насочена кон заштита на животната средина, со акцент врз заштитата на водните извори, управувањето со отпадните води и енергетската ефикасност.

Република Словенија е исто така значаен надворешно-трговски партнер на Република Македонија. Стопанската соработка зазема значајно место во билатералните односи меѓу државите. Интересот на Република Македонија е развивањето на геотермалниот туризам и другите видови употреба на геотермалните капацитети на Република Македонија, како што се греење на стаклениците и пластениците за производство на зеленчук во текот на целата година, греење на населбите во близина на изворите на топла вода и производство на електрична енергија. Словенечкото експертско знаење и помош во ова подрачје имаат висока позиција.

Во заеднички интерес е развојната соработка меѓу збратимените општини од Македонија и Словенија кои имаат слична и компатибилна социјално-економска структура. Интерес за реализација на оваа програма покажаа општините: Мурска Собота, Лашко, Словенске Коњице и Валандово. Соработката е насочена на следните подрачја: користење на геотермалните води, развивање на винскиот, руралниот и термалниот туризам, поледелството и развивањето на инфраструктурата.

Република Словенија има позитивен однос кон македонското национално малцинство и се труди да обезбеди простор и услови за изведување настава на македонски јазик. Меѓу државите постои заеднички интерес за потпишување договор за заштита на македонското национално малцинство во Република Словенија и словенечкото национално малцинство во Република Македонија.

## Билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Словенија и почеток на дополнителната настава на македонски јазик со историја, географија и литература

Една од позначајните активности на Сојузот на македонските културни друштва (СМКД) е дополнителната настава по македонски јазик. Наставата по македонски јазик, култура и историја за децата на Македонците ја организираше МКД Македонија од Љубљана, веднаш по формирањето во 1992 година. Подоцна, по формирањето на останатите здруженија во другите градови низ Словенија и формално се организираше одржувањето на дополнителната настава во сите региони на Република Словенија.

Дополнителната настава на мајчин, македонски јазик, формално почна да се одржува во учебната 1993/1994 година, по потпишувањето на протоколот меѓу Република Македонија и Република Словенија, за меѓусебна соработка во подрачјето на културата, науката и образованието. Така, наставата беше институционализирана со одредена програма за образование и начин на финансирање, а беше обезбеден и простор за одржување на наставата. Голем број од децата ја посетуваа и сè уште ја посетуваат наставата која се одржува во повеќе градови низ Словенија.

Во учебната 1996/1997 година, дополнителната настава беше организирана во Љубљана, Крањ, Јесеница и Велење. Наставната програма ја изработи Министерството за образование и наука на Република Македонија. На сите ученици, според протоколот, на крајот на учебната година им беа поделени свидетелства во присуство на нивните родители, членовите на управните одбори на здруженијата и претседателството на Сојузот на друштвата.

И учениците од дополнителната настава во Марибор ги добија свидетелствата во присуство на родителите, во организација на Сојузот на МКД и МКД Билјана од Марибор.

Во следната училишна година, 1997/1998, дополнителната настава беше организирана во Љубљана, Крањ, Целје и Јесеница. Во учебната 1998/1999 немаше дополнителна настава во Целје, поради намалниот број ученици.

Кон крајот на 1999 година се формираше ново здружение, Охридски бисери во Нова Горица, со што беа исполнети услови за започнување со настава. Во учебната 2000/2001 година и во овој град имаше настава на македонски јазик.

Во следните години дополнителната настава на македонски јазик се одвиваше во Љубљана, Крањ, Нова



*На час по дополнителна настава во Љубљана*

Горица, Јесеници, Козина Хрпеље (кај Копер) и Постојна.

Учениците кои ја посетуваа дополнителната настава по македонски јазик имаа редовни настапи на приредбите коишто ги организираат македонските културни друштва во Словенија, по повод државните и националните празници.

- Во Крањ, Нова Горица и Козина-Хрпеље, учениците кои ја посетуваа наставата по македонски јазик во 1998 година, ја претставија Република Македонија на учениците од нивните матични училишта.
- Во ОУ Франц Ерјавец во Нова Горица учениците настапија на приредба на тема *Моите чувства*. На пригодата присуствуваа родителите на учениците и советници од Педагошкиот завод на Република Словенија.
- Во ОУ Драгомир Бенчина во Козина-Хрпеље, учениците настапувале повеќе пати, во присуство на тогашниот секретар во Македонската амбасада во Љубљана, Благоја Крстаноски.
- Во културниот дом Стражишче, двапати имавме можност да присуствуваме на предавањата на тема *Моите корени и мојот идентитет* во организација на Педагошкиот завод на Република Словенија. Предаваа Драгица Мотик и Ирма Вељиќ.
- Од учебната 1996/1997 година па до денес, најдобрите ученици на дополнителната настава на македонски јазик на денот на празникот на МКД Свети Кирил и Методиј од Крањ, веќе традиционално организираат квиз на тема *Колку ја познаваме Република Македонија?*.



*На час по дополнителна настава во Љубљана*

- На крајот на учебната година, сите ученици коишто редовно ја посетуваат наставата по македонски јазик, добиваат свидетелство за успешно завршено одделение, потврда за посетување на дополнителната настава од Министерството за образование на Република Словенија и благодарница од Амбасадата на Македонија во Словенија, како и од Сојузот на македонските културни друштва во Словенија. Веќе тринаесет години, во Нова Горица секоја година традицонално се одбележува дополнителната настава со богата културна програма.

Учениците на дополнителната настава, во перодот од 2008 до 2011 година редовно учествуваа на државниот натпревар по македонски јазик во Скопје, Куманово и Радовиш, како и на Рациновите средби во Велес.

Дополнителната настава по македонски јазик и национално наследство на Македонија се реализира во соработка со училиштата каде што се одржува оваа настава, со Педагошкиот завод на Република Словенија и со Министерството за образование и култура на Република Словенија.



*ОУ Јакоба Аљажа, Крањ*

Нашите ученици од македонско потекло кои редовно ја посетуваат дополнителната настава во Словенија постигнуваат извонредни резултати во познавањето на македонскиот јазик, историјата на Македонија и македонскиот народ, како и географијата, културата и фолклорот. Во последните години учениците отидоа и на неколку екскурзии низ Република Македонија како нивна татковина.

Дополнителната настава по македонски јазик и национално наследство на Република Македонија се одржува во следните основни училишта во Љубљана: ОУ Ливада, ОУ Валентин Водник, ОУ Дравље и ОУ Мартин Крпан. Во Крањ наставата се одржува во ОУ Јакоба Аљажа, во Постојна во ОУ Антона Глобочника. Во Козина-Хрпеље, наставата се одржува во ОУ Драгомира Бенчина Бркина. Во оваа учебна година дополнителната настава по македонски јазик ја посетуваат 60 ученици.

Дополнителната настава по македонски јазик и понатаму ќе биде главна сила и аниматор за поголема афирмација на Република Македонија, македонскиот јазик и култура во ЕУ. Сегашните млади генерации во иднина ќе придонесат кон поголемиот број активни членови во нашите културни друштва низ Словенија.



*Учениците од дополнителната настава со Претседателот на Република Македонија, Скопје 2013*

# Соработка со Македонската православна црковна заедница во Република Словенија

**Проф. д-р Драги Стефанија**

ЗА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЗАЕДНИЦА ВО СЛОВЕНИЈА

- Првите десет години -

Веќе подолго време Македонците кои живеат во Словенија сакаа да организираат своја православна верска заедница и да имаат своја црква. Поради ред причини тоа не се оствари. По Втората светска војна Македонците доаѓаа во Словенија, рајот за вработување во Титова Југославија. Тоа повеќето беа работници во Железарницата Јесенице, текстилната и гумарската индустрија во Крањ, тешката индустрија во Марибор, градежништвото и во поорганизираните стручни училишта низ цела Словенија. Денес тука живее веќе третата генерација Македонци. По податоците од 1991 година во Словенија имало 4432 словенечки државјани со македонско потекло, а од нив 3704 лица живееле во град и 728 на село. Значаен број Македонци - муслимани не се вклучени во православната заедница, што е нормална појава како тука, така и во Македонија. Сепак, тие членуваат во македонските здруженија и учествуваат на сите културни приредби со сите Македонци во Словенија. Според наведените податоци најмногу Македонци живееле во Љубљана – 1269, потоа во Крањ – 477, во Јесенице – 461, во Марибор – 377, во Целје – 171, во Копер – 110, во Ново Место – 77 итн. Тие дошле како деца, формирале семејства, се здобиле со стан или купиле стан, куќа, имаат внуци и дури и правнуци. Некои од нив тврдокорно го чуваат македонскиот јазик и обичаите, независно од тоа дека еден од брачните другари нема македонско потекло. Други, посебно втората генерација, во македонскиот јазик имаат голема интерференција, додека трети го изгубиле чувството на Македонци и малку срамежливо станаа новокомпонирани Словенци. Најголем број од нив сепак, ја зачуваа македонската национална и верска припадност, и токму тие беа главни иницијатори за формирање на македонската православна заедница во Словенија. Почетоците на овие активности датираат по 1991 година. Порано, во Титовата Југославија, дури и македонската просветна власт, иако комунистичка, им советуваше на Македонците во Словенија да ја посетуваат Српската православна црква заедно со Србите. Сето тоа беше во духот на братството и единството. Ако сме заедно во иста држава зошто заедно не би посетувале заедничка православна црква? Српските попови на македонските христијани не им се обраќаа со „браќа христијани“ туку со „браќа Срби“. Потоа децата на Македонците, крстени во Српската православна црква, во крштениците биле запишани како Срби. Македонците,

венчани во српските цркви, во венчаницата биле запишувани како Срби, дури и мртвите Македонци, закопани од српски поп, станувале српски мртовци.

Оваа проблематика ја истакнавме по повод формирањето на првото македонско културно друштво Македонија во Љубљана, на 18.1.1992 година, кога беше формирана и верската комисија во состав на лекарот д-р Крсте Поп Стефанија и проф. д-р Драги Стефанија.

На ден 14.12.1992 година тие биле примени на разговор кај љубљанскиот надбискуп д-р Алојзиј Шуштар и го замолиле за употреба на црквата во Крањ за богослужба за православен Божиќ во 1993 година. Надбискупот се сложил со предлогот и ги насочил на директни разговори со свештеникот Станко Зидар, кој ја одобрил употребата на црквата Марија Рожневенска во центарот на Крањ.

Потоа следеше барање за свештеник до светиот архиерејски синод при Македонската православна црква (САС МПЦ). Тогаш немаше можност за доделување свештеник за Божиќ, но имавме можност да го примиме скопскиот свештеник Ристо, кој се враќал од Виена, и така, на 10.1.1993 година тој пристигна во Крањ. На 14.1.1993, на преодот од старата во Новата година ја одржавме првата македонска богослужба во Словенија. Богослужбата се одржа во Рожневенската црква во Крањ, со почеток во 17.30 часот, пред 400 собрани верници - Македонци и поканетите словеначки гости.

Реакциите на луѓето беа мошне позитивни и дадоа надеж за понатамошно организирање на црковниот живот. Д-р Драги Стефанија во февруари 1993 година го посети неговото високо преосвештенство г. Тимотеј на седиштето на САС МПЦ во Скопје со молба да посредува кај словенечките црковни претставници во Љубљана, Крањ, Марибор и Изола за одржување богослужба со македонски свештеник за Велигден 1993 и Божиќ 1994 година. Така, процедурата продолжи и во наредните години.

На 12.3.1994 година, по упатствата на САС МПЦ организиравме основачки црковно-народен собир и ја формиравме Македонската православна заедница Свети Климент Охридски во Словенија, со црковен одбор во состав: д-р Драги Стефанија, претседател од Љубљана, Атанас Продански, потпретседател од Крањ, Гојко Велков, член од Крањ, Гроздан Беќарски, член од Крањ, Ѓорѓи Вучковски, член од Јесенице, Илија Поповски, член од Љубљана, Лазо Серафимов, член од Марибор и Симе Ристевски, член од Љубљана. САС МПЦ го прифати и одобри составот на црковниот одбор на ден 13.5.1994 година со одлука бр. 229.

Кратко пред наведеното случување, на 7.4.1994 година, Словенија ја посети архиепископот охридски и македонски г. г. Михаил со придружба на архиѓаконот Ратомир Гроздановски. Со нив беше и

Славе Катин, потпретседател на Комисијата за верски прашања во Република Македонија. Оваа делегација, придружена од д-р Драги Стефанија, претседателот на Црковниот одбор, д-р Димитар Мирчев, амбасадорот на Република Македонија во Република Словенија, м-р Трајче Андонов, претседател на македонското културно друштво Македонија од Љубљана, го посети словенечкиот митрополит д-р Алојзиј Шуштар. Тие говореа за верските проблеми на македонската заедница во Словенија и го замолија за доделување објекти кои се во сопственост на католичката црква, за одржување верски обреди. Митрополитот вети дека нешто ќе направи во врска со наведеното, без конкретна обврска, и дека објектите ќе бидат на располагање секогаш кога ќе дојде свештеник од Македонија, обично за Велигден и Божиќ.

За време на посетата го посетија и градоначалникот на Крањ, Витомир Грос, и градоначалникот на Љубљана, Стргар, како и Нина Рош од службата за верски заедници, во состав на Владата на Република Словенија.

Во текот на посетата делегацијата посети и неколку манастири и куќи на Македонци, во кои беа примени со благодарност, радост и чест, поради посетата на македонскиот архиепископ. Проблемите за изнаоѓање простор за извршување на црковните активности не вродија со плод. Од друга страна, пак, архиепископот г. г. Михаил ни додели пензиониран свештеник, кој без црковен објект и без материјална поддршка не успеавме да го задржиме. По неколку месеци престој во Словенија тој се врати во Македонија.

Продолживме со контактите со европскиот митрополит на Македонската православна црква, г. Горазд, кој го нагласи решавањето на прашањето за просторот кога ја посети Словенија. Новиот македонски митрополит за Европа, г. Пимен, ја поддржа идејата за подобра организираност на верскиот живот на Македонците во Словенија, но сепак сѐ остана по старо, како што беше и на почетокот. Врз основа на контактите кои ги имавме со словенечките црковни претставници, сметаме дека причината поради која не ни беше одобрен црковен објект за богослужба на македонските православни верници лежи во спорот меѓу македонската и српската православна црква.

Српската православна црква, имено, за своите богослужби употребува 7 цркви, од кои 6 се во сопственост на Словенечката католичка црква и се под наем. Само Српската православна црква во Љубљана била изградена во Кралството Југославија. На македонската православна црква во Словенија ѝ овозможија служба двапати годишно во црквата на Марија Рожневенска во Крањ за двата најголеми празника, а покрај тоа и за вториот ден Велигден во црквите Св. Рок во Изола и Св. Алојзија во Марибор.

Таквата положба остана и за времето на надбискупот д-р Роде со кого претставниците имале средби во два

наврата, во врска со доделувањето црква во Крањ, каде што има сериозни верници на МПЦ.

Во времето на надбискупот г. Алојзиј Уран во контактите со нашите верски претставници беше љубезен и коректен, како и сите негови претходници.

Така се одвиваше животот на Македонците во Словенија. Кога првпат по десет години го повторивме прашањето за доделување црква нè упатија да се поврземе со Српската православна црква во Словенија и да ги употребуваме нивите црковни објекти за одржување на нашата богослужба.

Се поставува прашањето како да ги усогласиме спротивностите на сестринските национални цркви кога едната не ја признава другата? Изборите за Црковниот одбор се одржуваа на секои две години, понекогаш на три години, и повеќето од времето одборот дејствуваше во намален состав. Во неговиот состав влегуваа Драги Стефанија, Атанас Продански, Гроздан Беќарски и Ѓорѓи Вучковски, како и други останати членови. Така минуваа годините и живеевме со празнувањето на раѓањето на Исус - Божиќ и воскресението на Исус - Велигден, со постојано исти молби до католичкото свештенство во црквите во Крањ, Изола и Марибор, како и молби за свештеник до Македонската православна црква во Скопје, а за што плаќавме патни трошоци, хонорар и престој. Најмногу заслуги за зачувување на црковниот живот во Словенија има Атанас Продански. По 2000 година, кога ја напушти Љубљана, стана претседател на црковната заедница. На оваа функција остана до 2005 година, кога Трајче Андонов, по престанокот на функцијата претседател на Сојузот на македонските културни друштва ја презеде функцијата претседател на МПЦССКОРС. За функционирање на македонската црква во Словенија големи заслуги има и Ѓорѓи Вучковски од Јесенице.

Така скромно се одвиваше верскиот православен живот меѓу словенечките државјани со македонско потекло во првите десет години по оформувањето на МПЗ во Словенија.

**М-р Трајче Андонов**

ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЗАЕДНИЦА ВО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

- Вторите десет години -

До 2006 година црковната заедница беше составен дел на културната заедница МКД Љубљана и потоа на Сојузот на МКД. Кога бев во функција на претседател на едната или другата заедница добро соработував со УО на црковната заедница, па поради тоа немав тешкотии при понатамошното организирање на црковните активности во Република Словенија.

Во Управниот одбор беа способни поединци со големо искуство во организирање црковни служби како што се Велигден, Божиќ, Света Троица, венчавки, крштевања, благослов на

куќите и слично. Службите се одвиваа кога за празниците доаѓаше свештеник од Македонија.

Наскоро се искажа потреба да се формираат црковни одбори во сите поголеми градови во Словенија каде што живеат Македонци. Така, сега имаме црковни одбори во Крањ, Љубљана, Копер, Нова Горица, Марибор и Јесенице. Водечките членови на црковните одбори го составуваат управниот одбор на црковната заедница и со таква организација ги избегнуваме евентуалните тешкотии при договарањата.

Од самиот почеток на нашето дејствување сакавме да имаме црковен објект кој постојано би се користел и којшто би го преуредиле по нашите православни правила.

Со помош на академскиот сликар, Руди Шпанзл од Љубљана, успеавме да се договориме за средба со тогашниот надбискуп Стрес. На иницијатива на Стрес се сретнавме на 1.11.2001 година. Го запознавме со нашата дванаесетгодишна желба, нам, македонските православни верници од Крањ, Љубљана, Копер, Марибор, Јесенице и од останатите градови да ни доделат црква.

Во рок од десет дена ме известија дека во долгогодишен наем можеме да ја добиеме црквата на Св. Флоријан на Стари трг во Љубљана, доколку одговара на нашите желби. Добивме контактно лице, средивме сè што требаше и ја



*Богослужба која ја води европскиот епископ г. Пимен*

зедовме црквата под наем. По една година ја добивме и црквата Св. Марија Рожневенска во Крањ. Веднаш по средувањето на црквата Св. Флоријан пристапивме кон активностите за да добиеме постојан свештеник во Словенија. И таа долгогодишна желба ни се исполни во 2012 година.

На 8.12.2012 година ја прославивме 20-годишнината од постоењето на нашата црковна заедница Свети Климент Охридски во Љубљана. Бевме горди дека успеавме да ги оствариме сите поставени цели. На прославата на наведениот ден имаше мнозина значајни гости: епископот Пимен со придружбата, гости од Италија, надбискупот Стрес, академскиот сликар Руди Шпанзел и други.

Со помош на културните работници кои настапија и членовите на Управниот одбор, професионално и достоинствено го одбележивме овој, за нас толку значаен јубилеј.

Во 2013 година добивме под наем црква во Крањ. Претседателот на Црковниот одбор во Крањ, Атанас Продански, кој е мошне активен член и искрен верник, ги презема сите активности во врска со наемот и средувањето.

Денес сите заедно се гордееме со оваа црква во Крањ, која го доби името Св. Троица. Нашите активности во последните десет години накратко можеме да ги опишеме во следните точки:

- организирање на црковната управа и црковните одбори;
- организирање празнувања за сите поголеми верски празници;
- соработка со други здруженија околу празнувањата на црковно-културните празници.

Во 2010 година ја регистриравме нашата заедница според новиот закон во Република Словенија. Тогаш се создадоа услови за здобивање со нови членови меѓу верниците, што имаа доверба во нас и во нашето работење. Вклучивме млади и новодојдени Македонци, соработувавме со останатите верски заедници и учествувавме во празнувањата по повод на нивните празници.

Со помош на донаторите, претпријатието Табакум од Ново Место и Македонија трејд од Љубљана, на портретот на господинот надбискуп Стрес во централната црква во Љубљана стои натпис: *Донатор: Македонска право-славна заедница во Република Словенија, Свети Климент Охридски.* Тоа ќе остане засекогаш. Ви благодарам на сите кои помагавте.

Понатаму, организиравме изложби, концерти и разни пригодни средби. Со секое дарување миса (служба) бевме задоволни, бидејќи забележавме дека бројот на присутните верници се зголемува, пред сѐ меѓу младите. Посебно голема благодарност му должиме на европскиот епископ Пимен за неговиот голем придонес и поддршка на нашето дејствување, којшто нѐ поттикнуваше и беше присутен на сите поголеми случувања и јубилеи.



*При една од посетите на европскиот епископ г. Пимен*

Благодарност му искажуваме и на попот Митко и на сите членови на Управниот одбор за креативниот и непроценлив труд и работа со што придонесоа кон развивањето на нашата заедница.

Пред Управниот одбор и пред мене како претседател во иднина стојат голем број задачи и одговорности:

- како правилно да се организираме;
- како да анимираме што поголем број верници да донираат дел од својот персонален данок во корист на црквата и да се здобиеме со постојани донатори;
- како да ја уредиме црквата за да биде огледало на нашата вера;
- како да му обезбедиме на свештеното лице постојано вработување за да биде материјално обезбеден и со тоа да може во целост да му се посвети на своето пастирско дејствување;
- и понатаму добро да соработуваме со сите организации и здруженија;
- максимално користење на капацитетите на објектите што ги добивме или што ќе ги добиеме, не само за потребите на црковните служби, туку и за културни приредби, предавања, изложби и средби.

Управниот одбор мора одговорно да донесува одлуки за доброто на сите верници и да спречи евентуални тенденции за отцепување односно делење на локално ниво.

# Организација и координација на проектите од областа на културата и соработка со Министерството за култура на Република Словенија

## Финансирање на Сојузот на македонските културни друштва

Во периодот меѓу 1992 и 1994 година покрај првото македонско културно друштво Македонија беа основани уште и Св. Кирил и Методиј во Крањ, Билјана во Марибор, Ватрослав Облак во Целје, Илинден во Јесенице, Кочо Рацин во Копер и нешто подоцна Охридски бисери во Нова Горица. За координирано изведување на сопствените и заедничките културни активности, како и за полесна соработка со институциите во Република Словенија и Република Македонија, здруженијата се поврзаа во Сојуз на македонски културни друштва како рамноправни членки. Сојузот на македонските културни друштва беше основан во 1994 година. Едно од клучните прашања беше финансирањето на Сојузот како таков и здруженијата кои влегуваат во неговиот состав. Тие се финансираа од следните извори:

- средства добиени на конкурсите од Фондот за културни дејности (ЈСКД);
- средства добиени на конкурси од регионалните и месните организации за културни активности;
- средства добиени на конкурсите од Министерството за култура во рамките на културните дејности на доселеничките малцинства;
- средства од комерцијалните активности на здруженијата;
- средства од членарина, донации и подароци на поединци, групи или работни организации од јавен или приватен карактер.

Македонските здруженија се основаа како први културни здруженија меѓу националностите од некогашната држава, а најголем дел од средствата беа добиени на конкурсите од Фондот за културни дејности и Одделението за малцинска и доселеничка проблематика при Министерството за култура. Во неколкуте следни години практично сите малцинства од некогашната држава основаа свои здруженија и бројот на пријавените за доделување средства од наведените извори бргу се зголемуваше, а средствата наменети за ова подрачје останувaa на исто ниво. За да го оправдаат доделувањето на средствата, институциите кои се грижеа за нивното доделување почнаа да ги подигаат критериумите за нивното добивање. Задача на Сојузот беше да состави што повеќе свои активности и активности на членките, да ги соедини во адекватна форма со адекватна критична маса која одговара на критериумите кои беа поставени во конкурсите.

Во проектите соработуваа различни секции на здруженијата (фолклорна, музичка, литературна итн.), а приредбите се изведуваа повеќе пати на различни локации, па така се збогатуваше и

културната разновидност и квалитетот на локациите.

Со текот на годините работите се менуваа како во самите здруженија така и во Сојузот и во институциите кои ги финансираа овие дејности. Во почетокот најголем дел од средствата ги овозможуваше денешниот Фонд за културни дејности. Средствата рамномерно се делеа меѓу сите членки. Остануваше минимален дел за трошоците на дејствувањето на Сојузот што претставуваше проблем, бидејќи Сојузот немаше свои секции. Членките, според Статутот, не придонесуваа ништо, ниту во вид на членарина ниту во некој друг вид придонес. По околу пет до шест години работите толку се изменија што делот од средствата кој се добиваше од ЈСКД се намали на само 40% од почетниот, а поголеми субвенции за поединечни активни здруженија се добиваа преку конкурсите при Министерството за култура. Така добиените средства ги добиваа здруженијата со својата соработка на полупрофесионалните настапи на нивните секции, и до петпати ги надминуваа средствата добиени од страна на ЈСКД. Овие средства потоа се делеа во согласност со придонесот на секое друштво поединечно.

Веќе спомнавме дека задача на Сојузот на македонските културни друштва беше собирање предлози на членките, составување адекватни проекти кои одговараат на приоритетите и критериумите за финансирање, па така, тие имаа поголема можност за добивање средства. Сојузот правеше селекција на проектите кои ги предлагаа членките, и поради тоа речиси секогаш беа успешни при здобивање со релативно високи средства за наведените проекти.

Сојузи на слични здруженија или не постоеја или не правеа слични селекции. На конкурсите се пријавуваа практично сите нивни членки или здруженија. Тоа предизвика значително намалување на средствата со кои се поддржуваа проектите. СМКД како и некои други здруженија на таков начин беа финансиски оштетени. Не помогна ни фактот дека институциите на системот воведоа одредени рестрикции, поради наведените случувања како што се задолжително дејствување на полето на таквата дејност, за да се оствари правото на конкурирање за добивање средства и слично. Поради тоа и СМКД се раководеше според нов принцип според кој сите оние кои имаат право да конкурираат самостојно тоа да го прават преку поднесување конкретни проекти. Оваа практика е актуелна и денес. Во табелите од 1 до 4 се објавени средствата кои СМКД ги доби од МК (Министерството за култура) и ЈСКД за финансирање на нејзините проекти. Податоците се разделени во четири групи со оглед на начинот на конкурирање, финансирањето и условите на адекватното време. За секоја е даден коментар кој е карактеристичен за одреден период.

**Табела 1: Финансирање на проектите на Сојузот на друштвата во периодот 1993 - 1997**

| Ред бр. | Год. | Наслов на проектот | Одобрени средства € | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1993 | Македонско културно друштво Македонија (дејности од областа на културата: музичка, драмска, фолклорна, ликовна секција) | 1.460,52 | Насекаде пријавувачи се Сојузот на култур-ните организации на Словенија и МКД Македонија |
| 2 | 1994 | Македонско културно друштво | 2.436,99 | |
| 3 | 1995 | Кофинансирање на трошоците на водителите на културните секции, публикации со културна содржина, трошоци за поставување сцени за Македонското културно друштво | 2.791,69 | Добиените средства се всушност малку повеќе од 30% средства на распо-лагање |
| 4 | 1996 | Кофинасирање на трошоците на водителите на културните групи, публикации со културна содржина, трошоци за поставување сцени за Сојузот на македонските културни друштва на Словенија (хор, фолклорна секција, музичка секција, ликовна секција, литературна секција) | 3.238,19 | |
| 5 | 1997 | Кофинасирање на трошоците на водителите на културните секции, трошоци за вежбите и трошоци за поставување сцени за Сојузот на македонските културни друштва на Словенија (хор, фолклорна секција, музичка секција, ликовна секција, литературна секција) | 3.839,09 | Средствата се пре-сметани од СИТ (Толари) |

Од табелата се гледа дека и СМКД исто како и поединечните здруженија се финансирал од средствата на Јавниот фонд за културни дејности (ЈСКД), каде како пријавувач се јавувал Сојузот на културните организации на Словенија. Овие средства секоја година твореа нешто повеќе од 30% од средствата наменети за тие цели. Овие средства рамномерно се делеа меѓу друштвата, без остаток или со минимален остаток за потребите и трошоците на дејствувањето на СМКД.

**Табела 2: Финансирање на проектите на Сојузот на друштвата во периодот 1998 - 2002**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | 1998 | Кофинансирање на трошоците на водителите на културните секции, трошоци за вежбите и трошоци за поставување сцени за Сојузот на македонските културни друштва на Словенија | 2.503,75 | Друштвата прв пат добиваат посебни средства - финанси-рани 9 проекти |
| 7 | 1999 | МКД Св. Кирил и Методиј, Крањ – „7. денови на словенските просветители Св.Кирил и Методиј“ | 1.210,15 | Двата проекта прв пат ги пријавува СМКД |
| 8 | | МКД Св. Кирил и Методиј, Крањ – 1. етнофолклорни средби; МКД Македонија, Љубљана – Концерт на македонска етно музика; МКД Македонија Музичко-сценски двојазичен рецитал | 4.769,65 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | 2000 | Печатење збирка поезија 10 x 10 двојазично (10 автори од македонска народност во Република Словенија) | 709,40 | Оваа година преку Сојузот се финансирани 10 проекти |
| 10 | | Еднодневна детска сликарска колонија под водство на врвни ликовни уметници од македонска народност | 208,65 | |
| 11 | 2001 | Претставување на македонската народна музика низ Словенија (повеќе настапи на инструменталната група Струни) | 4.172,93 | Пријавувач СМКД |
| 12 | | Двојазичен музичко-сценски рецитал на македонска и словенечка поезија во изведба на припадници на македонската заедница во Словенија (повеќе настапи низ Словенија) | 2.086,46 | Активности преку МКД Македонија и МКД Св. Кирил и Методиј |
| | | 9. денови на Св. Кирил и Методиј во Крањ | 2.086,46 | Финансирани 4 проекти |
| | | 3. Етно-фолк Крањ 2001 (настап на фолклорни групи на различни етнички групи од Република Словенија) | 3.964,28 | |
| 13 | 2002 | 4. Етно-фолк, Крањ 2002 | 3.755,63 | Сите проекти одеа преку СМКД |
| 14 | | 10. денови на Св. Кирил и Методиј во Крањ | 2.086,46 | |
| 15 | | Двојазична музичко – сценска и изложбено - ликовна приредба | 2.712,40 | 8 проекти преку МК |
| 16 | | Претставување на македонска народна музика низ Словенија | 3.129,69 | |
| 17 | | Музичко училиште за етнички инструменти | 2.921,05 | |

И во овој случај единствен финансиер е Министерството за култура, но покрај СМКД на конкурсите се пријавија и здруженијата поединечно или нивните секции. Во табелата се дадени средствата и проектите кои во името на здруженијата ги пријави СМКД, а под забелешки за секоја година е забележено колку проекти се финансирани во тековната година.

Покрај поголемата апсолутна вредност на добиените средства просекот на сите добиени средства се намали за околу 24% од средствата на располагање. Средствата се делеа според тоа како беа обезбедени за поединечен проект и прикажани се во табелата.

**Табела 3: Финансирање на проектите на Сојузот на друштвата во периодот 2003 - 2007**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 18 | 2003<br>МК | Приредби: 11. денови на Св. Кирил и Методиј во Крањ | 2.503,75 | Пријавувач СМКД |
| 19 | | Приредби: 5. Етно-фолк Крањ | 4.172,93 | 6 преку МК |
| 20 | | Претставувања: Двојазична музичко - сценска и изложбено – ликовна приредба | 2.712,40 | 7 преку ЈСКД |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 21 | | Претставувања: Претставување на македонската народна музика | 3.129,69 | |
| 22 | | Оспособнување: Музичко училиште за етнички инструменти | 2.921,05 | |
| | | Меѓународна соработка: Учество на европскиот фолклорен фестивал во СРГ | 1.669,17 | |
| 23 | 2003 | Парченце култура за секого и секаде | 417,29 | Пријавувач СМКД |
| 24 | ЈСКД | Програма 2002/2003 | 417,29 | |
| 25 | | Голачки средби во Македонија | 417,29 | |
| 26 | 2004 | 1. Културен караван на Сојузот на МКД | 3.755,63 | Пријавувач СМКД |
| 27 | МК | 6. Етно-фолк Крањ 2004, МКД Крањ | 4.172,93 | 6 преку МК |
| 28 | | 12. денови на Св. Кирил и Методиј во Крањ 2004, МКД Крањ | 2.503,75 | 3 преку ЈСКД |
| 29 | | Етно Илинден Јесенице 2004, МКД Јесенице | 1.251,88 | |
| 30 | | Двојазична сценско литературна и ликовна приредба – повеќе приредби | 2.503,75 | |
| 31 | 2005 | Македонско-словенечки мостови во песна и збор | 5.842,10 | Пријавувач СМКД |
| 32 | МК | Културен караван СМКД 2005 | 2.086,46 | 15 преку МК |
| 33 | | Културен караван на Сојузот на МКД во Словенија | 2.086,46 | 2 преку ЈСКД |
| 34 | | Пела пее | 5.216,16 | |
| 35 | | Музика за сите и секаде | 5.216,16 | |
| 36 | 2006 | | | 13 преку МК<br>2 преку ЈСКД |
| 37 | 2007 | | | 13 преку МК<br>5 преку ЈСКД |

Во овој период како потенцијален финансиер се појавува ЈСКД и така СМКД како и поединечните здруженија се пријавуваат на конкурсите на двете места. Од табелата се гледа дека пријавувањето на проектите од Министерството за култура се спроведува преку Сојузот до 2005 год., а потоа здруженијата почнуваат самостојно да се пријавуваат на конкурсите, без посредување на СМКД. Тоа може да го разбереме и од фактот дека СМКД во 2006 и 2007 година не пријавил ниту еден проект. Истовремено пак, за две години биле финансирани 15 проекти на здруженијата. Процентите на добиените средства од оние на располагање останува на еднакво ниво - околу 25%.

**Табела 4: Финансирање на проектите на Сојузот и на друштвата во периодот 2008–2013**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 38 | 2008<br>ЈСКД | Културен караван 2008 | 500,00 | 13 преку МК<br><br>8 преку ЈСКД |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 39 | 2009 МК | Културен караван 2009 | 1.500,00 | 18 преку МК |
| 40 | 2009 ЈСКД | Културни средби МКД 2009 | 800,00 | 8 преку ЈСКД |
| 41 | 2010 | Културен караван 2010 | 1.400,00 | 20 преку ЈСКД |
| 42 | 2011 | Македонски фолклорни работилници во Словенија - Мак - Слов | 1.200,00 | 26 преку ЈСКД |
| 43 | | Културен караван 2011 | 1.500,00 | |
| 44 | | Македонци во Словенија Мак - Слов | 5.000,00 | |
| 45 | 2012 | Интерфолк Мак - ЕУ | 1.050,00 | 25 преку ЈСКД |
| 46 | | Културен караван 2012 | 950,00 | |
| 47 | 2013 | Културен караван 2013 | 500,00 | 26 преку ЈСКД |
| 48 | | Интерфолк 2013 | 700,00 | |
| 49 | | Македонски фолклорни работилници 2013 | 500,00 | |
| 50 | | Монографија 20 години на дејствување на Сојузот на МКД во Реублика Словенија | 800,00 | |

Од 2008 год. па сѐ до 2010, СМКД повторно се пријавуваше на конкурси со свои проекти (Културен караван). По 2010 год. двата конкурса (како за поединечни активности на секциите така и за активностите во состав на доселеничките малцинства) ги спроведува ЈСКД. Делот на добиените средства со оглед на оние кои се на располагање се намалува на малку под 15%

## Проект Музеите поврзуваме: Македонската заедница во Градскиот музеј на Љубљана




Проектот Музеите поврзуваме е изведен во соработка со сите македонски здруженија во Словенија и Сојузот на македонските културни друштва во периодот од 4.4.2011 до 23.4.2011 година. Карактеристика на проектот е меѓугенерациското поврзување. Со презентација на македонската заедница кон збирката на Градскиот музеј - Лицата на Љубљана, се додаде уште едно ново, живо лице. Проектот е воден од мислата дека осознавањето на различноста го зголемува меѓусебното разбирање и почитување, и води кон синергија и креативен соживот.

На изложбата македонската заедница и животот на Македонците од Љубљана и Словенија беа претставени на различни

начини. Така посетителите осознаа повеќе за општите податоци за македонската заедница и за македонските здруженија кои соработуваа во подготовката на изложбата. Беа претставени лични предмети и цитати кои му дадоа печат на пристигањето во новата земја - Словенија, за болката на збогувањето, за воодушевеноста и очекувањето на новото (работа, студии, љубов, иднина). Исто така беа прикажани традиционалните обичаи и во што се разликуваат тие, на пример златник како типичен подарок кога се раѓа дете, празичната трпеза, свадбарски обичаи и сл. Со овој проект беа претставени и некои познати Македонци кои живеат во Словенија. Меѓу нив е кошаркарот Владо Илиевски, музичарот Љубен Димкароски, кој е познат по свирењето на фрулата од Дивје бабе, сликарот Тодорчо Атанасов и модниот дизајнер Зоран Гаревски. Гаревски посебно за оваа изложба подготви седум креации на тема Доаѓање, а дел од нив по завршувањето на изложбата ги подари на Градскиот музеј во Љубљана. Притоа Гаревски истакна дека „четирите женски и трите машки облеки имаат непосреден допир со метаморфозата на културата (текстил, дизајн, бои, кроеви) и времето (традиционално македонско, современо метрополитско), а истовремено и невербално говорат за поврзаноста на двете татковини и двете лични времиња - тоа таму и ова овде. Пред нашите очи двете се здружуваат во нов квалитет, во живо и поврзано со звуци - традиционалното и современото македонско во Словенија.“

Може да сумираме дека во дваесет години постоење СМКД соработуваше при изведбата на 50 проекти коишто беа финансирани од Министерството за култура и ЈСКД. Притоа средствата претежно се исплаќаа непосредно на изведувачите - здруженијата, секциите и поединците кои всушност ги изведуваа културните приредби. Треба да се нагласи она што произлегува од табелите, дека бројот на проектите со години се зголемува, а вредноста на финансирањето се намалува и по 20 години е приближно на половина со оглед на средствата наменети за тоа (од околу 30% во првиот период до околу 15% во последниот период).

Покрај акциите кои ги претставивме и коишто беа планирани и финансирани преку конкурси, мораме да спомнеме и некои други акции на СМКД кои наидоа на голем одек. Во нив учествуваа некои или речиси сите членови на здруженијата. Станува збор за некои настапи со културни содржини кои ги изведе СМКД во соработка со здруженијата како: организација на гостувања и презентација на познати драмски или фолклорни групи од Македонија, посети на поединечни поети, литературни творци, музичари и музички групи, хорови и слично, коишто на својот пат кон местата на настапите во Европа застануваа во различни градови во Словенија и настапуваа. Некои од овие приредби беа од комерцијална



*Претставување на македонската заедница во Словенија*

природа што значи дека организаторите на настапите наплатувале билети и можеби постигнале и позитивен финансиски ефект.

Најпозната акција на СМКД од овој вид беше собирањето средства за помош на паднатите војници на македонската армија во судирите со албанските паравоени формации. Акцијата се одвиваше така што на поединечни адреси со македонски презимиња од телефонскиот именик беа испраќани молби за финансиска помош на семејствата на паднатите војници. Во таа акција беа собрани околу 30.000 германски марки, коишто непосредно, преку курир, (тоа беше Љубен Димкароски), рамномерно беа разделени меѓу нивните семејства. Интересно беше дека прилози даваа и оние кои не се Македонци (а имаа само слично презиме). Исто така, интересно е дека еднаква помош прими и семејството на загинатиот албански војник.

СМКД својата благородност ја покажа и во примерите на собирање средства за болни лица и деца, при поддршката на талентирани млади спортисти во врска со нивните настапи во Словенија или во близина на Словенија. Својата грижа СМКД ја покажа и при преземањето на грижата за изведување дополнителна настава по македонски јазик во Словенија. Почетните активности резултираа и со потпишување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Словенија за реципрочност на ова подрачје. Со задоволство може да заклучиме дека ваквиот договор се реализира и денес со зголемена посета на ученици од македонска народност во споредба со минатото. Сметаме дека тоа е единствена билатерална спогодба којашто ја има потпишано Република Словенија со државите - наследнички на некогашните републики.

Би нагласиле дека СМКД во потполност го оправда своето постоење и ја одигра својата мошне позитивна ролја во поврзувањето на здруженијата и артикулацијата на дејствувањето на нивните секции преку финансирањето на проектите. Во денешни услови проектите се обликуваат на поинаков начин и поинаку се изразуваат постојано збогатувајќи ги активностите, а на таков начин се зајакнува и улогата на здруженијата како активни учесници во делот на граѓанското општествено делување.

# Презентација на постигнувањата на членките на Сојузот на МКД во Република Словенија

## МКД Македонија, Љубљана

### Општо за здружението - дејствување

Македонското културно друштво Македонија од Љубљана (во продолжение МКД Македонија) е најстаро малцинско здружение во самостојна Словенија. Основано е на 18.1.1992 година во зградата на љубљанската СНГ Опера со поздрави од тогашните претседатели Милан Кучан и Киро Глигоров, во форма на посебни пратеници и телеграми. Во 2013 година наполнивме 21 година активно дејствување на подрачјето на културните активности на просторот на Република Словенија, пред сѐ во Љубљана. Со своето дејствување здружението сиве овие години придонесуваше кон интеграцијата на македонските доселеници и нивните потомци во разновидното и богато културно случување. Цел на сите наши активности беше зачувување и афирмација на сопствениот национален идентитет и култура, а истовремено и претставување на културата на Словенија и Словенците, како и на народите и народностите коишто живеат во Република Словенија.

Најзначајни носители на неговите активности беа музичката етногрупа Струни, квартетот Пела, фолклорната група Калина и мешаниот хор Билјана. Сите заедно во рамките на МКД Македонија имаат настапено на повеќе од 400 културни настани и издадено неколку ЦД плочи. Останатите културни секции имаат организирано повеќе од 40 домашни и меѓународни изложби и школски проекти. Издадена е и монографија по повод 15-годишнината на постоењето на друштвото и повеќе од 20 броеви на македонското гласило Македонски весник.

Во сите овие години бевме домаќини на повеќе од 55 словенечки и странски културни работници. Некои од учесниците учествуваа и на ликовни колонии, изложби или музички приредби. При тоа сето време активно се одржува целта на здружението - да биде носител на културниот живот во Словенија воопшто, во интерес на националните и културните потреби на Македонците.

**Денес, во рамките на здружението 21 година дејствува само уште мешаниот хор Билјана.**

**Мешаниот хор Билјана** е прва секција на здружението. Дејствува веќе 21 година и го сочинуваат пејачи и пејачки од македонско, словенечко и хрватско потекло. Преовладуваат членови од македонско потекло кои сочинуваат 75% од хорот. И програмата на работењето предвидува, во најголема мера, изведување на македонски и словенечки песни и песни од другите народи и народности. Ги здружува љубовта кон хорското пеење на македонска и друга музика којашто преку своите настапи ја



*Мешан пејачки хор Билјана*

претставуваат на поширокaта словенечка јавност. Хорот во својот репертоар има три најзначајни концерти - настап во Полхов Градец, настап на смотрата на Љубљанските хорови во Шентвид и настап на традиционалниот Хорски собир кој се одржува секоја година во Шентвид кај Стична, каде што веќе со години е единствен малцински пејачки хор.

Останатите настапи на хорот се многубројни и ги опфаќаат настапите на приредбите на други словенечки и македонски здруженија (и хорови), на отворање изложби и слично. Тоа може да се види од прегледот на активностите на хорот коишто беа извршени во изминатите години.

Работењето со хор не е лесна задача, бидејќи хористите се вработени и мораат да си обезбедат слободни денови за настапите. Покрај тоа, настапите во оддалечените места со себе носат и финансиски обврски и самофинансирање. Но, и покрај тоа, бројот на членовите во хорот се зголемува - од 20 до 25, па и до 30 членови. Весели сме пред сè дека новите членови се од помладата генерација. Тоа е причина за радост и поради тоа што со поголем број членови хорот би можел да настапи и кога неколку од членовите се спречени или отсутни, што досега не беше можно. Вежбите на хорот редовно се одржуваат еднаш неделно, со зголемен број вежби пред настапите.

**Поединечни проекти коишто се изведуваа во рамките на дејствувањето на МКД Македонија од Љубљана**

**Проект Македонска китка**

Македонска китка е името на проектот којшто во дејствувањето на МКД Македонија е традиционален, и досега секогаш бил финансиран, како во поголем број приредби така и во форма на издавачка дејност (изработка на ЦД-а со сопствена изведба на хорска музика). Ја изразува вплетеноста на хорот во културниот простор и соработката со различните партнери: од соработувањето на ревијални приредби кои се организирани на државно ниво (Хорскиот собир во Шентвид кај Стична), до регионални манифестации (приредбата Љубљански хорови, Шентвид), билатерални соработки со другите хорови (МПЗ Шмарје Сап) и приредби од различен вид во рамките на македонските и другите малцински здруженија.

Проектот опфаќа од 10 до 15 настапи на мешаниот хор на приредби од различна категорија. Традиционалните настапи се на Хорскиот собир во Шентвид кај Стична (единствен малцински хор со повеќе од 10 настапи), приредбата Љубљански хорови во Шентвид и Моцартовите денови во Полхов Градец. Настапите на ревијалните приредби Љубљански хорови редовно ги рецензира и стручна комисија со писмено мислење. Планираме два целовечерни концерта - еден самостоен и еден во соработка со други хорови. Целовечерните концерти се најважни при дејствувањето на хорот во тековната година, бидејќи според критериумите, мора да се исполни предвидената програма (опфатот) на песни од кои најмалку половината мораат да бидат изведени премиерно. Планираме да учествуваме и на пет заеднички концерти во организација на други македонски здруженија (МКД Крањ, Јесенице, Марибор, Целје) и на бројни настапи на приредбите на самото здружение или на други хорови (Собир на партизански песни, машки хор Шмарје Сап). На ваков начин Хорската секција при друштвото веќе 21 година вежба и настапува, и ја исполнува својата мисија во ширењето на македонската музика во Словенија. Оваа секција е најстара и не е составена само од македонски хористи.

**Проект: Различноста нѐ збогатува**

Децата се оние кои најлесно и најбргу го разбираат значењето на почитувањето и толерантноста и различностите меѓу луѓето. Со други зборови, децата побргу од возрасните се учат да го разбираат богатството на различноста на овој свет, и токму поради тоа во овој проект ја вклучивме училишната младина. Посредно ја допираме и пошироката јавност односно возрасните, кои во прв ред ќе бидат нивните родители кои вообичаено доаѓаат на заклучните приредби од проектите. Со желба различните култури меѓусебно да се запознаат во духот на толеранцијата и меѓусебниот дијалог, оформивме проект кој ќе ја претстави македонската култура по основните училишта низ Словенија и

словенечката култура по македонските училишта низ Македонија. Цел на проектот е да ја поттикне словенечката младина на активно размислување за разликите и различностите како средство за разбирање на еднаквоста меѓу луѓето. Проектот го поддржува и Амбасадата на Република Македонија во Словенија, што укажува на извонредното значење на проектот во рушењето на предрасудите за Македонците и нивната култура меѓу словенечката младеж. Секако, раното откривање на сличностите и на разликите меѓу културите може да обезбеди иден збогатен раст и развој, како и заемна соработка и меѓувлијание на двете земји, и стопанско и културно.

**Цел на заедничкиот проект беше децата на училиште да ги запознаваат различните јазици, култури и народи со посебен акцент на сличностите на македонскиот јазик со словенечкиот.** Училиштата беа домаќини на групи ученици од Македонија. Проектите се одвиваат во две работни недели, во форма на работилници каде што децата учат македонски фолклорни танци, учат за природните и културните споменици, македонската класична поезија и гастрономија, а последниот ден на завршната приредба изведуваат минидрамска претстава од македонски автори. Спецификата на овие проекти е истовремена изведба на слични проекти во одредени училишта во Македонија од каде непосредно се поврзуваат преку Скајп на големо платно. **Во овој проект учествува целото училиште** (учениците, учителите и другите вработени). Во соработка со ОУ Цирковце и ОУ Карла Дестовника - Кајуха, ОУ Божидарја Јакца, ОУ Нове Фужине, ОУ Јожета Мошкрича и ОУ Дравље, сите од Љубљана, нашето друштво МКД Македонија беше активен творец, обликувач и подготвувач на проектот **Различноста нè збогатува**.

**Истиот проект се изведува во одредени основни училишта во Македонија (ОУ Блаже Конески, Велес, ОУ Браќа Миладиновци, Скопје, ОУ Дебарца, Дебарца и ОУ Даме Груев, Охрид) со тоа што учениците во Македонија** ја запознаваат Словенија.

**Ликовна секција на друштвото и нивниот проект Ликовни колонии Перој, Крвавец, Кампел.**

Ликовната секција е една од најпрепознатливите, активни и специфични секции. Ја составуваат академски образовани и признати уметници како што се: Тодорче Атанасовски, Саве Стефановски, Боге Димовски, Драга Давиткова Ерич, Искрица Беличанска, Диме Темков, Ирена Димовска Јерас, Гоце Трајковски, Миро Доуч. Понатаму во овој состав влегуваат и млади академски образовани уметници како што се: Ристо Трајковски, Борис Димкароски, Светлана Јакимовска Родич и сликари аматери, што веќе учествувале на заедничките ликовни колонии и изложби или имале самостојни изложби, како што се: Дарко Шарац, Снежана Димкароска, Изидор Јаловец, Маца Анита Шефер и Емилија Солева Вардјан.



*Отварање на ликовна изложба и концерт на македонски народни песни*

Сликарските колонии се постојани настани во работата на Ликовната секција, иако поради нејзините специфики и финансиски барања не се одвиваат секоја година. Досегашните се одржаа во Перој во Хрватска, на Крвавец, и последните две години во Кампел кај Копер. Посебно ефективни беа заедничките изложби на учесниците на колониите одржани во местата каде што била колонијата, а потоа поставена во Љубљана или нејзината околина (Галеријата/музејот на тутунската фабрика, хостелот Целица, Полхов Градец.). На сликарските колонии во траење од една недела учествуваат речиси сите членови на оваа секција.

Сликарските колонии им даваат можност на членовите на Ликовната секција покрај заедничката работа, да ги надградат своите знаења. Меѓу учесниците на колониите има и академски сликари, како и други аматери - сликари и други лица коишто ги воодушевува сликањето (млади и сликари од третата животна доба). Во колониите дополнително учествуваат една третина од сликарите од словенечка или друга националност, што дава можност за развивање нови форми на соработка при самостојни или заеднички изложби на различни локации. Сликите насликани во колониите се претставуваат најпрво во рамките на приредбата Денови на македонската култура во Словенија по повод националниот празник 11

Октомври, денот на востанието на македонскиот народ против фашизмот, а потоа и на други локации во текот на годината. Колониите претставуваат голема мотивација за работење на сите членови на секцијата.

**Проект Библиотеката како чувар на идентитетот и знаењето**

Проектот е од отворен тип и го предвидува учеството на пошироката стручна и општа јавност којашто е заинтересирана за македонскиот јазик, литература и култура, а помага и при нивната популаризација со поврзување на словенечкиот и македонскиот простор преку мигови од историјата до современите тематики на различни нивоа. Така и на нивото кога личните ситуации цврсто ги поврзуваат татковината на потеклото и татковината на сегашноста, кога сознавањето и познавањето на едната не значи отстапување од другата туку синергија на двата простора. Поврзувачката функција на проектот ја олеснува и забрзува интеграцијата на македонската заедница во словенечкиот простор, без да трпи културниот, јазичниот и националниот идентитет на потеклото, од друга страна. Така се создава поттикнувачка средина за понатамошно учење и истражување на ова подрачје.

Проектот има три дела и во рамките на секој дел по три предавања или работилници.

Првиот сегмент наречен **Македонскиот јазик како носител на македонскиот идентитет** содржи предавања од областа на науката за јазикот со наслови: Фактори на развивањето на нормативниот мајчин јазик како културен елемент кај иселениците; Компетенции на двојазичните говорители - врз примерот на македонската заедница во Словенија (значењето на двојазичноста) и Македонската фразеологија како збир на културни специфики.



*20 години Македонска култура во Љубљана*

Вториот сегмент наречен **Мигови од историјата на македонскиот јазик** содржи поглавја од историјата на јазикот во вид на предавања со работилници со наслови: Граничници на македонската писменост низ вековите, Развивањето на деклинацијата во македонскиот јазик и Станко Враз како запишувач на македонското народно творештво.

Третиот дел **Заглавија од македонската литература** со работилници и предавања под наслови: 100-та годишнина на Коле Неделковски, Браќата Миладиновци во историјата на македонската литература и Класика на македонската младинска литература - Зоки Поки од Оливера Николова, го поттикнува читањето на мајчиниот (македонски) јазик со

запознавање со некои (и современи) македонски писатели и поети.

**Проект Денови на македонскиот филм во Љубљана - ретроспектива на македонскиот филм од браќата Манаки понатаму**

По повод 20-годишнината на МКД Македонија од Љубљана којашто ја одбележавме со бројни манифестации во октомври 2012 година, се одлучивме да организираме и денови на македонскиот филм со ретроспектива. Цел на проектот беше да ѝ се понуди на пошироката словенечка јавност гледање филмови и на тој начин да се запознае со врвните достигања на македонската кинематографија и врвните уметници од почетокот на македонскиот филм, од браќата Манаки во 1985 год. до денес. Бидејќи нашата мисија е да создадеме темел за добри македонско-словенечки односи и да го шириме знаењето за културите на двата народа, пред сè македонскиот, сметавме дека овој проект може да овозможи понатамошни соработки токму на ова подрачје.

Словенечката Кинотека во соработка со македонската Кинотека се погрижи за избор на филмови. Филмовите кои беа прикажани во словенечката Кинотека беа следните: Избор на кратките филмови на браќата Манаки, Панкот не е мртов, Болечина, Среќна Нова 49, Како убив светец, Големата вода, Илузија и Војната заврши. Беа прикажани претставниците на сите изминати периоди на македонскиот филм. Една година пред изведбата на проектот словенечката Кинотека се претстави во Македонија. Словенечките филмови беа мошне добро прифатени. Културната соработка меѓу Словенија и Македонија е традиционално добра, и со овој проект тоа сакавме и да го продолжиме.

Воведното предавање го одржа претставник на македонската Кинотека, за почетоците, развивањето и меѓународните успеси на македонскиот филм. Филмовите имаа преводи на



*м-р Трајче Андонов*



*д-р Крсте Димитровски*



*Ламбро Пејов*



*Благоја Настески*



*Благој Кулевски*



*Соња Цекова Стојаноска*

словеначки јазик. Македонските филмови беа прикажани во рамките на редовните термини на словеначката Кинотека.

Во реализацијата на проектот учествуваше и Амбасадата на Република Македонија во Република Словенија и нудеше поддршка во изведувањето на проектот.

Досега функцијата претседател на МКД Македонија ја извршувале:

м-р Трајче Андонов, 1 мандат

д-р Крсте Димитровски, 1 мандат

Ламбро Пејов, 1 мандат

Благоја Настески, 3 мандати

Благој Кулевски, 1 мандат

Соња Цекова Стојаноска, 1 мандат

Петар Ташковски, 1 мандат

Мирче Ивановски, 1 мандат

Весна Петрова Ристова, 1 мандат



*Петар Ташковски*



*Мирче Ивановски*



*Весна Петрова Ристова*

## МКД Св. Кирил и Методиј, Крањ



*Глигор Калинов*

Македонското културно друштво Св. Кирил и Методиј од Крањ, по обемот на активностите што ги изведува е најактивно македонско културно друштво во Словенија и едно од најактивните здруженија во Горењска, и покрај релативно малиот број на македонска народност, во споредба со народностите од некои држави од поранешна Југославија. Здружението е формирано на 23.5.1992 година, во просториите на собраниската сала на Општина Крањ, во присуство на многубројни претставници на македонската народност од Крањ и други делови на Словенија, како и истакнати гости од областа на политиката и културата, кога и беа усвоени Статутот и работната програма, а беа избрани и органите на друштвото. За прв претседател на друштвото беше избран **Глигор Калинов**, кој функцијата претседател ја извршуваше во два мандата (1992 - 1996). Во тогашните органи на друштвото влегоа д-р Илија Димитриевски, Атанас Продански, Методија Јосифоски, Боро Цеков, Герасим Кржовски, Стојче Стојанов, Анче Николовски, Добре Арсовски и други, кои заедно со неколку други поединци активно дејствуваат во рамките на друштвото сè до денес. Покрај споменатите, свој белег во друштвото оставиле и Миладин Младенов, Методи Златков, Пане Кржовски, Весна Кржовска, Даниел Атанасов, Душан Симоновски, Сандра Газинковски (родена Симоновска), Џевад Абаз, Даниел Ефремов, Игор Захариев, доц. м-р Боге Димовски, доц. д-р Намита Субиото и многу други.

Во дваесет и втората година од основањето за неговиот 11-ти мандатен состав, функцијата претседател на здружението ја извршува **Игор Захариев**. Претходно, како втор и трет претседател на здружението, секој по четири мандата, оваа функција ја извршуваа **Атанас Продански** (1996 - 2004) и **д-р Илија Димитриевски** (2004 - 2012).



*Атанас Продански*



*д-р Илија Димитриевски*

Во рамките на здружението активно работат повеќе секции, преку кои се извршуваат неговите активности. Како организатор или гостин здружението учествува на повеќе од 40 приредби годишно. Во своите активности во подрачјето на фолклорот, музиката, драмата, литературата, сликарството, спортот и други настани, вклучува аматерски и професионални групи од Словенија, Македонија и други држави.

**Фолклорната секција** е најактивната секција на здружението, од основањето па сѐ до денес. Своите први настапи ги бележи веднаш по основањето. Во рамките на оваа секција се имаат заменето повеќе генерации. Карактеристично за сите е дека имаат учествувано на многу фестивали и турнеи во Словенија и Македонија, некои и во Германија, Босна и Херцеговина, Турција, Италија, Хрватска, Австрија и други. Во репертоарот на фолклористите се наоѓаат близу 20 македонски ора, претставени во 6 народни носии. Досега како кореографи во Фолклорната секција работеле Бранко Георгиев, Џевад Абаз, Даниел Ефремов и кореографи од Македонија, а ја воделе Стојче Стојанов, Боро Цеков, Атанас Продански и Методи Златков. Како кореографи со детските групи работеле Розика Соколова, Драгана Ефремова, Катарина Герасимова и Даниел Ефремов. Моментално Фолклорната секција ја сочинуваат три групи (детска, младинска и ветеранска група).



*Игор Захариев*

Во повеќето настапи фолклористите се придружувани од музичката група на друштвото, кои своите вежби ги изведуваат во рамките на **Музичката секција**. Меѓу позначајните членови на Музичката секција ги издвојуваме Блага Крстева, Оливер Илиевски, Димитри Илиевски, Филипо Дамјанов, Методи Златков, Пеце Коминкоски, Елена Минчевска-Бабачев, Милан Соколов и Ацо Ѓонески.

**Драмската секција** на културното друштво




*Дел од фолклорната група*



*Музичка секција*

досега има подготвено неколку претстави во лична изведба. Освен тоа се поврза и со театри и драмски групи од матичната држава, кои се претставија пред публиката во Крањ. Во Крањ имаат гостувано театарски групи од Македонскиот народен театар, Театар 57, ДТ Триумфа, театарот Антон Панов од



*Јоана Поповска во МаКуЦ Крањ*

Струмица, како и артистите Јоана Поповска, Катерина Коцевска, Ѓокица Лукаревски, Оливера Аризанова и други.

Во соработка со професорката доц. д-р Намита Субиото од Филозофскиот факултет од Љубљана, гостувале студенти од истиот факултет, кои се имаат претставено со претстави на македонски јазик.

Како активни членови на Драмската секција посебно се истакнале Соња Цекова-Стојаноска и Весна Крждовска.

**Литературната секција** своите активности ги изразува преку литературни вечери со читање и рецитирање поезија, дебати на тркалезни маси и предавања на одредени теми, кои се составен дел на проектот **Прешерново оро**. Како прв предавач и предавач со најмногу предавања се истакнал проф. д-р Драги Стефанија. Доц. д-р Намита Субиото покрај предавањето ги има водено најголемиот број од литературните вечери и дебатите на тркалезните маси, на кои гостувале многу македонски и словенечки поети, како Киро Донев, д-р Васил Тоциновски, Јовица Ивановски, Елизабета Баковска, Владимир Мартиновски, Нежа Маурер, Агата Тројар и многу други.

Идејата за редовни ликовни изложби на македонски, словенечки и други ликовни уметници се раѓа уште во првите години од работењето на друштвото. Првата изложба е организирана во Шмартинскиот дом во Стражишче, кога свои дела изложувале академскиот



*Свечено отварање на изложба*

сликар доц. м-р Боге Димовски и уметникот Изидор Јаловец.

Оттогаш редовно се организира по една изложба годишно, сѐ до 2005 година, до изградбата на ликовната галерија во Македонскиот културен центар Св. Кирил и Методиј на Савска цеста 34, во Крањ. Тие простории овозможуваат поставување на поголеми ликовни изложби со многу поголем број уметнички дела отколку дотогаш. Улогата носител на ликовната дејност во друштвото ја презема доц. м-р Боге Димовски, од дотогашниот носител, ликовната критичарка Маруша Августин. Бројот на ликовните изложби се зголемува, така што се организираа по 6 до 7 изложби годишно. Галериската дејност на **Ликовната секција** ја претставивме преку проектот **Ликовна мултилатерала**.



*Фудбалска секција*

**Спортската секција** е најактивна во подрачјето на фудбалот и шахот. Турнирите во мал фудбал и во брзопотезен шах се составен дел на проектот **Денови на светите Кирил и Методиј**. Фудбалската екипа има настапувано на многу турнири во организација на други културни и спортски здруженија. За нивните успеси сведочат многуте пехари кои ги красат просториите на друштвото.



*При отварање на изложба*

Неколку години по формирањето на друштвото се формира и **Секцијата за информирање**. Како резултат на

дејствувањето на оваа секција се издадените 17 броја на весникот **Наше сонце**. Како уредници на досегашните броеви на весникот се потпишале Зоран Продански, Миладин Младенов и Игор Захариев. Една од должностите на оваа секција е и изработката и одржувањето на веб страниците на друштвото www.mkc-kranj.si и www.mkd-kim.si, каде се претставени сите докази за активното работење на здружението.

Во состав на здружението дејствува и **Фотографската секција**, чиј носител е Даниел Атанасов. Неговите фотографии се дел од повеќето од фотоалбумите кои се претставени на веб страницата.

**Кулинарската секција** се грижи традиционалните македонски јадења да бидат составен дел од повеќето приредби кои ги организира друштвото.

Покрај гореспоменатите проекти кои ги изведува здружението секоја година (Прешерново оро, Ликовна мулти-латерала, Денови на светите Кирил и Методиј) други проекти кои исто така се повторуваат секоја година се **Етно-фолк** и **Информациски центар – Наше сонце**. Друштвото го има изведено и едногодишниот проект **Монографија –**



Детска фолклорна група

**20 години активно дејствување на МКД Св. Кирил и Методиј** и две **Ликовни колонии** во 2013 и 2014 година.

**Прешерново оро** обично го изведуваме во два термина, на денот на словенечкиот културен празник, 8 февруари (Прешерновиот ден) и на празникот на Градската општина Крањ (3 декември), кога е и роденденот на Франце Прешерн. Проектот се изведува под слоганот *слика-песна-музика*, и го карактеризираат отворање на ликовна изложба, литературна вечер со читање поезија и со музички настап.

Во досегашното постоење на Македонското културно друштво Св. Кирил и Методиј организиравме повеќе од 50 самостојни изложби, пред сè на академски ликовни уметници од



*Книжевна вечер*



*Свечено отварање на изложба*

Словенија, Македонија и од државите од Западен Балкан. Како претточки при отворањето на изложбите во рамките на **Ликовната мултилатерала** се реализираа квалитетни културни програми. Настапуваа различни хорови, музички групи, фолклорни групи, рецитаторски и драмски секции и друго.

Мајските денови на македонската култура во Крањ или **Денови на светите Кирил и Методиј**, посветени на сесловенските просветители, солунските браќа Кирил и Методиј, се најголем традиционален културен проект на МКД Св. Кирил и Методиј. Проектот се изведува секоја година во последната недела од мај и го карактеризира богата програма. Тие денови посетителите можат да присуствуваат на отворање на изложба, да погледнат добра театарска претстава, да проследат целовечерен концерт, да навиваат на турнирот во мал фудбал или на турнирот во брзопотезен шах, да гледаат македонски документарен филм итн.

**Етно-фолк** е фестивал кој се изведува од 1999 година, на почетокот во Домот на




*15. Етно-фолк*

културата Примсково, по изградбата на Македонскиот културен центар во 2005 година се изведува во неговите простории, а последните три години во Летниот театар Khislstein, со дефиле по стариот дел на Крањ. Етно-фолкот е меѓународен фестивал на фолклорни групи на етнички културни здруженија и е еден од најголемите фестивали во Словенија од таков тип.

**Информациски центар – Наше сонце** е проект кој придонесува нашите членови и симпатизери да бидат информирани на поедноставен начин преку обновувањето на веб страниците и поставување на актуелните новости. Сите активности на друштвото се документираат и



*Детска фолклорна група*



*Дел од фолклорната група*



*Прешерново оро, Крањ 2014*

поставуваат на веб страниците како текстуални датотеки, фотогалерии и видеоснимки, и се претставуваат во весникот **Наше сонце** во печатена форма. Во последните неколку години годишно се печатат 2 броја од весникот.

Сите овие активности на секциите на здружението и изведбата на проектите во најголем дел се изведуваат во Македонскиот културен центар, кој е изграден во 2005 година.

На многубројните приредби кои ги организирало здружението присуствувале видни гости од Македонија и Словенија. Меѓу нив ги издвојуваме: министерот за надворешни работи на Македонија, Никола Попоски, некогашниот амбасадор на Република Македонија во Република Словенија, неговата екселенција Самоил Филиповски, амбасадорот на Република Македонија во Република Словенија, неговата екселенција Игор Попов, градоначалникот на Градската општина Крањ, Мохор Богатај, некогашниот градоначалник на Градската општина Крањ, Дамјан Перне, почесниот македонски конзул во Крањ, Јанез Бохорич и други.

За активностите на здружението биле снимени емисии на РТВ Словенија, Горењска ТВ, Радио Крањ, Радио Сора и објавени прилози во Горењски глас.

Дека здружението успешно работи зборуваат многуте награди кои ги има добиено: Голема плакета на Градската општина Крањ за 2010 година, на д-р Илија Димитриевски, меѓу другото и за успешно водење на МКД Св. Кирил и Методиј, награда на Градска општина Крањ за 2012 година за 20-годишно успешно дејствување на МКД Св. Кирил и



*Министерот Попоски при отварањето на 20. Денови на Св. Кирил и Методиј*



*Донатори - добитници на плакети по повод 20-годишнината на друштвото*

Методиј, одликување на претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов за 2013 година, на МКД Св. Кирил и Методиј за афирмирање на Република Македонија и други.

Со активното дејствување на МКД Св. Кирил и Методиј, македонската заедница се вклучува во културните случувања во просторот на живеење и пошироко, несебично збогатувајќи го со своите вредности, карактеристики и богата македонска традиција. Во своето долгогодишно постоење, друштвото постојано создава услови за успешна соработка со сродни здруженија од матичната држава – Македонија, Словенија и други држави во Европа. За




*Одликување од Претседателот на Република Македонија*




*Награда доделена од МО Крањ*

резултатите на друштвото говорат многубројните награди, признанија и покани за настапи на квалитетни приредби и фестивали. Друштвото активно соработува во креирањето на културните настани во Градската општина Крањ, со што ја збогатува културната разновидност на Крањ.

## МКД Билјана, Марибор

Здружението делува и соработува со сродните здруженија во градот Марибор, европската престолнина за култура 2012. Мултикултурната соработка се искажува како преплетување на безбројни еквивалентни култури каде што танцот, изложбата, ликовното изразување или концертна музика се со потполно еднакво значење за целосноста на „духовната“ понуда на определен простор. Нашата цел е да се постигне дијалог, разбирање и трпеливост меѓу мнозинството и малцинството со истовременото зачувување на идентитетот на македонската заедница, како и нашите особености, навики и обичаи, и да им се претстави историјата на поширокиот словенечки простор и да го претстави соживотот во културниот простор на Марибор. Македонското културно друштво Билјана беше основано на 31.1.1993 година. Во почетокот на 1993 година МКД се вклучи во културниот живот со останатите словенечки здруженија како и со здруженијата од поранешните југословенски републики во Марибор и во Словенија. Почетните културни активности беа, главно, на подрачјето на фолклорот. Тогаш е и оформена фолклорната група Билјана која започна со македонските танци од различни подрачја, особено од Вардарска, од средниот и источниот дел на Република Македонија, како и со словенечки народни танци. Македонското културно друштво Билјана од Марибор секоја година, од 1993 понатаму организира церемонии по повод државни и црковни празници. Членовите на МКД и љубителите на македонската музика за тоа се известени по пошта со покани и преку објавувања во дневниот весник Вечер. Во последните години тоа се објавува и на веб страницата на друштвото. Исто така, нашето друштво го претстави словенечкиот и македонскиот фолклор на меѓународните културни Илинденски денови во Битола, Република Македонија. На овие настапи постигна врвни резултати и доби признанија и пехари од организаторот и Министерството за култура на Република Македонија.

Нашата фолклорна група настапи во Сојузна Република Германија и го претстави словенечкиот и македонскиот фолклор на деновите на македонските културни здруженија од западноевропските земји. Во 2008, 2009 и 2010 година добивме покана за соработка на меѓународниот фестивал Лент каде што одржавме три целовечерни концерти. На концертите учествуваа и фолклорните групи на другите македонски здруженија во Словенија.



*Фолклористки од МКД Билјана Марибор*



*Проби на македонскиот Фолклор*

Во нашата фолклорна група се пријавуваат нови членови, односно деца на Македонци и децата од бракови на различни националности коишто успешно настапуваат на сите приредби по повод државните празници во Словенија.

Македонското културно друштво Билјана успешно соработува со Сојузот на МКД од Љубљана, Министерството за култура на Република Словенија, Одделение за култура при Градската општина Марибор, СКД Марибор, УЕ Марибор и останатите културни здруженија во Марибор и пошироката околина. Нашата културна група настапуваше и за време на културниот празник - Прешерновите денови во Марибор.



*Пеачката група Билјана од Марибор на регионалната приредба во Ленарт*

Во 2004 година е формирана вокална група која продолжува со своите настапи.

Со нашето друштво досега раководеле личности кои беа диспонибилни во однос на припадноста кон здружението со целосна посветеност:

Бобан Пијанманов е шеста година на оваа функција;

Александар Кузмановски, 4 години;

Венко Димов, 8 години;



*По повод посета на Министерката за култура на Република Македонија*

и останатите чиј мандат е помал од 2 години:

Ален Димитрушев,

Трајко Барбутовски.

Заслужни членови на МКД Билјана Марибор:

Милан Петровски,

Круме Анчевски,

Перо Соколов,

Кирил Николов.

Подготвено од: Бобан Пијанманов

Настаните од работењето и животот на друштвото можете да ги следите и на веб страницата: www.mkd-biljana.si.

## МКД Илинден, Јесеница

Македонското културно-уметничко друштво Илинден е формирано во 1993 година. Друштвото ја негува македонската културна традиција, организира изложби, го негува македонскиот фолклор и македонската народна музика на традиционалните народни инструменти, какви што се, тапан, гајда, тамбура, кавал итн. Тој вид музика денес сè поретко се јавува и во нашата татковина Македонија.

Во рамките на друштвото дејствуваат: етно-музичка група, детска, младинска и фолклорна група на постарата генерација како и Спортска секција и Планинарска секција. Друштвото има 120 члена, од кои една четвртина се помлади од 20 години. Од основањето до денес имало околу 400 настапи по Словенија, Австрија, Македонија и др. За 20-годишното дејствување на друштвото му е доделена плакетата од градоначалникот на Општина Јесенице.

### Основачките членови на МКД Илинден Јесенице

МКД Илинден Јесенице е формирано на Основачкото собрание на ден 18.4.1993 година во културниот дом на словенечкиот Јаворник. Во основачката група која го формира друштвото беа: Љубомир Вељковски по потекло од Кратово, Ѓорги Вучковски од село Митрашинци, Беровско, Тодосија Лазаров од село Полаки, Кочанско, Санде Ангелов од село Јастребник, Кочанско, Илчо Стефанов од село Рулјак, Штипско, Ристо Цветков од село Штука, Струмичко, Лазо Стефанов од село Соколарци, Кочанско, Владо Велков од село Подлог, Кочанско, Иван Гоцевски од село Звегор, Делчевско, Фиданчо Арсов од село Видовиште, Кочанско и Мите Левков од село Лешки, Кочанско.

### Раководни органи на МКД Илинден Јесенице

За прв претседател на здружението МКД Илинден од Јесенице е избран Љубомир Вељковски, за потпретседател Ѓорги Вучковски, за секретар Тодосија Лазаров, а благајник стана Фиданчо Арсов.

Претседателството и претседателот на МКД Илинден беа поставени пред комплексна и тешка работа. Беше потребно да се прифати статут на здружението, да се востановат други органи и тела на здружението, но и да започнат активности за неговата регистрација во Општина Јесенице.

МКД Илинден е впишан во регистарот при Секретаријатот за внатрешни работи на Општина Јесенице под реден број 176/93 од 2.6.1993 година, како правен субјект кој постои и дејствува во рамките на останатите здруженија во општината.

### Љубомир Вељковски, прв претседател на МКД Илинден

Дејствувањето на Вељковски во здружението започна со регистрирањето на здружението Илинден и изборот на неговите органи. Тој беше претседател на МКД Илинден од 18.4.1993 година.

Во периодот од 1992 до 1999 година, Љубомир Вељковски остави траен печат во работењето на здружението. Во 1995

година формира младинска и детска фолклорна група. Вељковски ја организираше акцијата за изработка на први народни носии за членовите на фолклорната група. Материјалот го набави Јовев во Домжале, а ги изработи нашата членка Снежана Гоцевска.

Врз основа на статистичките податоци за настапите коишто многу прецизно ги водеше претседателот на здружението Вељковски, се заклучува дека во периодот на неговиот мандат се регистрирани повеќе од 85 настапи во повеќе градови низ Словенија: Љубљана, Крањ, Марибор, Целје, Нова Горица, Копер и Јесенице. Исто така е значајно за овој период да се спомне и настапот во Билинген во Германија на 6.5.2000 година, како и гостувањето на фолклорниот ансамбл Љупчо Сантов од Оризари и настапот на манифестацијата Денови на оризот на 8.10.2001 година. За тоа време, во 2001 година здружението доби и простории за неговото делување.

Вељковски беше и организатор и соработник при издавањето на шесте броја на информаторот на здружението Детелинка, а соработувал и при подготвувањето на членовите на Фолклорната и Музичката секција и нивните настапи.

**Слободан Дејанов – втор претседател (1997–1999)**

Новото претседателство, составено само од млади луѓе со нови идеи, претставуваше можност за поголеми промени во врска со некои застарени стереотипи за работењето на здружението, со цел за што поуспешна работа. За време на претседателството успешно работеше школата на македонски јазик, која беше водена од страна на учителот Зекирија Шаиноски, а ја посетуваа 15 ученици.

На 21 февруари е издаден и првиот број на списанието на МКД Илинден од Јесенице во облик на информатор со наслов Детелинка (Детелјица). Весникот Детелинка излегува повремено. Во следните години, од февруари 1998 година па сѐ до март 2004 година вкупно се издадени 8 броја. Уредници на списанието биле Роберт Златанов и Слободан Дејанов.

**Борчо Лазов – претседател на здружението (2005–2011)**

Од 2005 година (трипати по ред) за претседател на здружението беше избиран Борчо Лазов. Во време кога Лазов го презеде раководењето на здружението, најголем приоритет беше посветен кон зголемување на бројот на членови на здружението, нивното организирање во секции, на настапи, свечености, концерти, фестивали. Дејствувањето на здружението беше организирано преку програми и проекти како што е продолжувањето на Етно-музичката школа. Покрај тоа, во работењето и организација на здружението се внесени и други новини: обновување на старата фолклорна група, основање на детска фолклорна група, набавка на техничка опрема за потребите на друштвото. За првпат е реализиран проектот Фолклорни денови,

а продолжи и издавањето на весникот Детелинка, се набавија нови носии, се издаде монографија 15 години МКД Илинден.

**Перо Костадинов (2011–2013)**

Перо Костадинов ја продолжи работата на претходните претседатели и се реализираа следниве активности:

- издавање на четири броја на весникот Детелинка;
- детската, младинската, постарата фолклорна група и етно-музичката група настапувале низ цела Словенија, Македонија и Австрија;
- успешна реализација на фудбалскиот турнир;
- реализирани проектите Етно-музичка школа и Фолклорни денови,
- во 2011 и 2012 година настап на меѓународниот фестивал Денови на оризот, Кочани Македонија (и во местата Каменица, Зрновци, Штип и Облешево).

**Борчо Лазов – актуелен претседател на здружението**

Повторно избраниот претседател на здружението веднаш започна со организација за 20 години од постоењето на здружението.

Во рамките на прославувањето на 20 години од постоење на здружението се поделени признанија на заслужните лица и здруженија, организиран е концерт на македонски фолклорни групи и фолклорни групи од други народности, а прославувањето е завршено во почетокот на ноември со концертот на



*Фолклорна група Сениори*

етно-музичката група Илинден.

## Секции на МКД Илинден

### Фолклорна секција

Прв настап на првата фолклорна група, составена од постарите членови фолклористи, е одржан во 1994 година. Групата, под стручното раководење на Лазо Стефанов, одиграла шопско оро, Елено моме и циганчица. Музичарите на настапот биле Љубомир Вељковски (гајда), Мите Левков (тапан) и Методи Серафимов (гајда).

Во септември 1995 година од младите членови се формирани младинска и детска фолклорна група, коишто своите први вежби ги одржувале во салата на Партизан во Корошка Бела. Во 1996 година биле изработени и народните




*Фолклорна група Јуниори*

носии, со кои децата за првпат се претставиле по повод празнувањето на Велигден во Изола. Фолклорните групи одржале 15-20 настапи годишно во поголемите градови во Словенија, како што се Крањ, Љубљана, Марибор, Изола, Копер. Настапиле и во Австрија и во Македонија.

**Етно-музичка група Илинден**

На почетокот етно-музичката група се состоела од два члена: Вељковски Љубомир (гајда) и Левков Мите (тапан). Прв настап е одржан во 1994 година по повод празнувањето на Велигден. Кон групата подоцна се приклучиле Симо Стојчев (кавал), Митко Иванов (кавал), Методи Златков (тамбура), а подоцна и Филипо Дамјанов, којшто свири речиси на сите претходно спомнати инструменти. Етно-музичката група во 2008 година издаде и две ЦД-а со македонските народни танци. Филипо Дамјанов е и добитник на престижната награда Гајда на Пеце Атанасовски на меѓународниот фестивал во Прилеп.

**Изложби**

МКД Илинден од Јесеница организираше изложба на народни носии и народни



*Фолклорна група Сениори*




*Етно музичка група*

инструменти на 17.8.1996 година. Во првиот дел на изложбата беа изложени неколку комплети на народни носии: кривопаланечката женска и овче-полската машка и женска носија, како и некои други посебни делови на опремата и носиите. Во вториот дел од изложбата беа прикажани следниве народни музички инструменти: тапан, гајда, кемане, двојанка и дудуче. Изложбата беше дополнета со неколку предмети изработени од глина и етнолошки предмети со уметничка вредност.

Од 1996 година е организирана барем по една изложба годишно. Поинтересни се изложбите на слики на нашиот сликар Цветко Пелтековски од Копер, на делата на Ема Солева-Вардјан и други. Потребно е посебно внимание да се сврти на изложбата на народните носии, рачните изработки и инструменти како дел од проектот Фолклорни денови 2005. Изложбата ја отвори Љубен Димкароски, а во културната програма настапија членови на фолклорниот ансамбл на Љупчо Сантов од Кочани.



*Фудбалска секција на МКД Илинден*

**Спортскиот живот на Македонците во Јесеница**

Со самото доаѓање на работа и живеење во Словенија бројните Македонци кои веќе во својата татковина се занимавале со спорт, со своите активности продолжиле и во новата средина. Се играло мал фудбал, кошарка, а во новата средина, составен дел од викендите и празниците биле излети и планинарење. Токму оттука произлегува и потребата за спортување кај Македонците од Јесеница. Најпрвин е формиран фудбалски клуб, регистриран во 1983 година како ФК Илинден 83 Јесеница. Екипата составена од дваесет фудбалери своите натпревари ги започнале во Радовљичка лига, а потоа ФК Илинден стана член на тогашната Меѓуопштинска фудбалска заедница на Горењска од Крањ. Досега клубот постигна добри резултати, освои многу пехари, награди и признанија.



*Фудбалска секција, учество на турнир*

**Шах**

Спортскиот живот на членовите на МКД Илинден од Јесеница се состои и од натпреварувања во шах, коишто традиционално се организираат неколку пати годишно. Натпреварите се организираат по повод празнувањата на некој верски празник, значајните граничници на македонската историја, но и како натпревари во рамките на зацртаните проекти на македонските здруженија од повеќе словенечки градови.

**Планинарење**

Планинарењето како спорт е присутен речиси кај сите членови на здружението од Јесеница. Постојано се планинари по пониските или повисоките врвови на Алпите. Заедничката фотографија од освојувањата на врвовите или од излетите во планинарските домови, секако, е доволен доказ за нивната љубов до планините и планинарењето како спорт и рекреација.

## МКД Ватрослав Облак, Целје

**Основање и дејствување на здружението Ватрослав Облак од Целје**

**Седиште на здружението:** Грегорчичева цеста бр. 6 – во просториите на ЈСКД на подрачна единица Целје.

**Претседател на здружението:** Владо Гаврилоски, унив. дипл. инж. руд.

**Активни членови на здружението:** 73.

**Дејности на здружението:** здружението работи во согласност со предвидените дејности определени со Статутот на здружението.

**Основање на здружението**

Иницијатори на основање беа: Никола Трајковски, Борис Алексовски, Лазар Јовановски, Цветан Костадинов, Јордан Китановски, Анка Ристова–Буковец, Љупчо Тодосовски, Иван Торов, Борис Петровски.

**Основачко собрание:** 18.4.1992 година во Целје.

**Име на клубот:** Македонски културен клуб Ватрослав Облак.

**Предлагач на име**: проф. д-р Драги Стефанија.

**Преименување на клубот**: На 6.11.1993 година на Собранието во Целје името **Македонски културен клуб Ватрослав Облак** во согласност со Законот за друштва се менува во **Македонско културно друштво Ватрослав Облак**. Усвоен е Статут на здружението, а дополнувањата на Статутот се прифатени на Општото собрание во Целје на ден 7.6.1997 година.

**Регистрација на здружението:** Упис на здружението во Регистарот на друштва е извршен на 2.3.1994 година. Повторен упис е извршен по промената на Статутот, на 7.10.1997 година.

**Досегашни претседатели и поактивни членови на здружението:**

- Коле Трајковски, претседател на здружението во период од 1992 до 1994 година, а од 2009 година ја врши работата на благајник на здружението;
- Владо Гаврилоски, претседател на здружението во периодите од 1994 до 1997 година, од 1999 до 2005 и од 2009 година наваму;
- Анка Ристова–Буковец, претседател на здружението во период од 1997 година до 1999 година;
- Цане Цветановски, претседател на здружението во периодите од 2005 до 2007 година, а од 2009 до 2011 година ја вршел функцијата на потпретседател на здружението;
- Иван Торов, претседател на здружението од 2007 до 2009 година, а од 2011 година ја врши функцијата на потпретседател на здружението;
- Јоже Хермен ја врши работата на секретар на здружението од 1997 година;
- Филип Филипов, ја врши работата на секретар на здружението од 2010 година.

**Општо**

Македонците од регионот на Целје во 1992 година формиравме здружение со назив Ватрослав Облак, а регистрирано е во 1993 година. На почетокот во здружението работеле 128 члена коишто учествувале и соработувале во различните активности и приредбите на здружението. Денес бројот е преполовен, но и

покрај тоа, посетата на различни приредби што ги планираме е доста поголема. Тоа ни влева надеж дека здружението и понатаму треба да работи со цел за зачувување на македонската култура и нејзиното пренесување на помладите генерации кои ќе бидат главни носители на натамошната работа на здружението.

Најголема тешкотија при реалиацијата на определени програмски цели е во тоа што нашите членови живеат на поширокото целјско подрачје: Целје, Велење, Рогашка Слатина, Шентјур, Словенске Коњице, Птуј и други населени места. Токму оддалеченоста е таа што претставува најголема тешкотија при реализацијата на културните дејности.

Извршниот одбор, надзорниот одбор и судот на честа се конституирани во согласност со Законот за друштва.

**Работење на здружението**

Работата на здружението отсекогаш била насочена кон реализацијата на годишните планови. За жал определените програмски цели не било во можност да ги реализира пред сè поради слабите финансиски можности на здружението. И покрај тоа сметаме дека добро работиме како здружение и дека сме ѝ потребни на средината во која живееме, пред сè поради Македонците кои живеат во целјската регија и поради нивните пријатели од словенечката или друга народност, кои се редовни гости на нашите приредби и средбите.

Здружението нема свои културно-уметнички секции. И покрај повеќекратни обиди, тоа не располага со финансиски средства за покривање трошоци за вежбање и превоз. Културно уметничките приредби здружението ги организира со поканети изведувачи од другите МКД во Словенија. Цел на здружението е заемно запознавање на културите на двата народа, како на словенечката така и на македонската. Значајни постигања претставуваат поединечните програми коишто се врзани за постојаните годишни приредби.

**Василица**

По повод празнувањето на македонскиот верски празник Василица секоја година се организира приредба која е наменета за собирање и дружење на членовите на нашето друштво, членови на други МКД во Словенија, симпатизери на друштвото и поканети гости.

Целта на овој проект е да се продолжи повеќегодишната традиција на среќавање и дружење на посетителите од македонската и од словенечката националност. Приредбите секогаш започнуваат со официјалниот дел и продолжуваат со дружење придружено со етно музика и танц.

Приредбата има традиционален карактер со вметнување дополнувања и подобрувања. Содржински им е приспособена на барањата на членството и со цел за зачувување на културното наследство. Културниот развој е двостран. Членовите од македонската народност го зачувуваат и обновуваат културното наследство, помладите ги прошируваат хоризонтите, а посетителите од другите народности се запознаваат со културните постигања на сожителите.

**Ѓурѓовден**

Приредбата им е наменета на членовите

на сите македонски здруженија од областа на културата во Словенија. Целта на приредбата е зачувување на македонската култура, јазикот, традицијата и обичаите, како и нивното пренесување на младите. Проектот содржи ликовна колонија на младите, рецитации на помладите и повозрасните членови.

Приредбата се подготвува традиционално повеќе години по повод македонскиот празник Ѓурѓовден којшто според старата словенска митологија претставува празник на пролетта.

Низ годините проектот ги зближува членовите на здружението, ја зачувува традицијата, културата и јазикот. Со организирањето на ликовната колонија на младите и рецитирањето пред сè на македонската па и словенечката поезија, се обидуваме што повеќе да ги привлечеме младите и активно да ги вклучиме. Зачувувањето и пренесувањето на македонската култура и јазикот на помладите, впрочем, претставува една од целите на приредбата.

**Ликовни изложби**

Друштвото соработувало при организацијата на повеќе ликовни изложби на нашите членови.

**Гоце Калајџиски** е академски сликар кој дејствувал во Словенија во голем дел од својот живот, во Шентјур. Тој бил меѓу основачите на друштвото. Во спомен на сликарот и неговиот голем придонес кон словенечката и македонската култура била поставена ретроспективна изложба во Шентјур.

**Алимпије Кошаркоски** изложувал икони во Галеријата на ликовните дела на млади во Целје и во просториите на МКД Св. Кирил и Методиј во Крањ.

**Да ја запознаеме Словенија**

Органите на здружението пред повеќе години го прифатиле и го потврдиле проектот за запознавањето на Словенија. Содржински тој го опфаќа разгледувањето на културно-историските објекти и обележја на поединечните подрачја. Ова културна приредба веќе се јавува како постојан дел од годишната програма. Членовите преку предвидените и планираните посети на поединечни краишта и нивните обележја на Словенија се образуваат географски и културолошки.

**Финансирање на здружението**

Финансиските средства за работењето на здружението и реализација на предвидените годишни планови на здружението, врз основа на пријавените проекти, ги добива од Градската општина Целје, Одделение за општествени дејности и ЈСКД на РС за културните дејности, спонзори и членарината на членовите.

Неколку фотографии од нашите досегашни излети по Словенија:



*Посета на студиската библиотека во Равне на Корошкем*



*Покрај изворот на Соча*



*Македонска вечер - кулинарика*



*На Горењска*



*Народно богатство и икони*



*Целје 2013 Културна програма*



*Претседателот на друштвото*



*Пригодна изложба на икони на Алимпије Кошаркоски по повод празникот „Ѓурѓовден“ на Гоздник*



*Годишен пикник на Гоздник*



*Годишен пикник на Гоздник*

За нас во неделникот на Целје запишаа:

*Prejšnjo soboto, 13. januarja so člani MKD »Vatroslav Oblak« iz Celja za svoje člane ter njihove družinske člane, prijatelje in povabljene ponovno pripravili tradicionalno slavljenje »Vasilice«, to je makedonskega pravoslavnega Novega leta, ki ga že 16 let zapored pripravijo v hotelu v Žalcu. Leta 1994 so se namreč prvič zbrali v manjšem številu, prireditev pa je pridobila sloves in danes se je udeležujejo tako člani društva kot tudi njihovi simpatizerji, prijatelji, predstavniki nekaterih drugih makedonskih kulturnih društev v Sloveniji in vabljeni gostje, med njimi jih redno obišče tudi predstavnik makedonskega veleposlaništva pri nas. Tako je bil tudi to pot slavnostni gost Blagojče Krtstanoski, svetovalec na Veleposlaništvu Republike Makedonije v Sloveniji, s soprogo, ki je tudi nagovoril prisotne ter jim zaželel vse najboljše v letošnjem letu. Srečanja se je udeležilo okoli 100 udeležencev, ki so se ob zvokih ansambla »Biser« iz Ohrida z enima popularnejših pevk narodnih pesmi Suzano Spasovsko in Danijelo Temelkosko zavrteli v makedonskem kolu, se poveselili ter se v veselem in prijateljskem ozračju družili še pozno v noč.*

*Makedonsko kulturno društvo »Vatroslav Oblak« Celje ima okoli 60 rednih članov, med njimi je tudi precej članov slovenske narodnosti, saj priseljenci iz Makedonije praviloma živijo v mešanih zakonih, njihovo članstvo pa je iz širše celjske regije. Kot nam je povedal predsednik društva Vlado Gavriloski iz Velenja, bodo konec februarja v društvu pripravili redni letni občni zbor, v začetku maja meseca pa na lovskem domu na Gozgniku tradicionalno prireditev »Đurđevden« (Jurjevo), ki ga po julijanskem koledarju praznujejo maja meseca.*

*ŽIVKO BEŠKOVNIK - JSKD CELJE*

## МКД Охридски бисери, Нова Горица

По распадот на заедничката земја и поради големата оддалеченост од матичната држава на иницијативата и желбата на доселениците од Македонија, во 1999 година е конституирано македонско културно друштво Охридски бисери Нова Горица.

По регистрацијата на здружението преку Сојузот на македонските друштва на Словенија е избрано неговото прво раководство. Од формирањето до денешниот ден него го раководеле следните претседатели:

Бранко Митовски: период од 1999 до 2003 година



*Втор од лево: Бранко Митовски со првиот претседател на Република Македонија, Киро Глигоров*

Тасе Лазовски: период од 2004 до 2005 година и од 2008 до 2009 година



*Вториот од десно, Тасе Лазовски*

Сузана Стојкова: период од 2006 до 2007 година



*Сузана Стојкова*

Трајан Горгиев: период од 2010 до 2011 година



*Трајан Горгиев*

Марко Матовски: период од 2012 досега



*Прв од лево, Марко Матовски*

Во сите овие години на дејствувањето, сите раководства давале свој придонес и ги поттикнувале членовите и симпатизерите за развојот на програмските планови и за реализација на поставените цели: меѓусебно дружење на Македонците, претставување и зачувување на македонскиот јазик, култура и обичаи како и културната соработка со другите народности во овој дел на Европа.

Исто така, здруженијата организирале разни настани за повеќе пригоди. Па така, по повод празникот на жените, припадничките на понежниот пол се дружеле и меѓусебно се поврзувале и разменувале контакти. Велигденските празници се разубавуваат со приредба, на која членовите на здружението ги изложуваат традиционалните македонски велигденски јадења. На крајот на учебната година средношколците – учесници на дополнителната настава по македонски јазик ја завршуваат училишната година со заедничкото дружење.

Во текот на годината се организираат различни ликовни изложби и различни спортски и фолклорни манифестации. Годината ја заокруживме во месецот декември со одбележување на годишнината на здружението.

МКД Охридски бисери веќе од самиот почеток од своето дејствување соработува со останатите македонски културни здруженија од Република Словенија кои постојат под закрила на Сојузот на македонски културни друштва во Република Словенија. Оваа соработка е заемна, бидејќи здруженијата на тој начин полесно ги надминуваат проблемите. Покрај соработката со здруженијата во Словенија, тоа соработува и со различни здруженија надвор од словенечките граници.

Заедничката соработка веќе во првите години од дејствувањето вроди плод со прифаќањето на договорот со македонските здруженија во Република



*Виена 2013 на гости кај КУД Македонка*



*Самостојна ликовна изложба на Боре Митовски во аулата на Градска општина Нова Горица*

Словенија, Сојузот на културните друштва и Амбасадата на Република Македонија во Република Словенија за воведување дополнителната настава на македонскиот јазик за деца и млади, родени во Република Словенија. Постигнатиот договор набргу е потпишан од страна на Министерствата за образование на Република Словенија и Република Македонија. Со тоа официјално е започната дополнителната настава по македонски јазик во



*Секретар Игор Бизимоски, претседател Марко Матовски, ментор на фолклорот Боре Митовски – 2013*

просториите на основните училишта во Република Словенија.

На горичките ученици, дополнителната настава по македонски јазик во Нова Горица им донесе можност за учење и запознавање на македонската култура, јазикот и идентитетот на народот. Постоел голем интерес во сите учебни години, заради што на здружението му е доделена честа, секоја година на крајот на учебната година да организира заедничка приредба: доделување свидетелства за сите ученици од Република Словенија. Приредбата е наменета за учениците, а целта е меѓусебното запознавање и зближување на учениците и родителите.

**Секции при македонското културно друштво Охридски бисери**

**Фудбалска секција:** Членовите на здружението ја формирале фудбалската секција во 1999 година. Сиве овие години секцијата работи одлично и



*Поделување на свидетелства*

покрај менувањето на генерациите, членовите на секцијата учествуваат на сите турнири во организација на различни здруженија од Словенија и Италија. Секоја година во октомври МКД Охридски бисери организира турнир во мал фудбал во Нова Горица.

**Шаховска секција:** Секцијата е



*Ученици на дополнителната настава по македонски јазик*



*Квиз на учениците од познавањето на Македонија*



*Фудбалска секција МКД Охридски бисери*

формирана во 1999 година. Во првите десет години здружението организирало турнири во брзопотезен шах, на кои мајсторите ги проверија своите сили во таа благородна игра. Носител на организацијата бил Боре Митовски. Турнирите се одржуваа главно во просториите на здружението, но со нивното губење во 2010 година згасна и организацијата и секцијата.

**Хор:** Хорот се основаше во 2002 година, но за жал, неговото траење беше кратко. Само по една година делување и по неколку настапи згасна Хорската секција.

**Фолклорна секција**: За прв пат е формирана во 2002 година со времетраење од една година, а во 2010 година повторно е обединета, како резултат на желбата на членовите.

Со вклучување во Сојузот на културни



*Турнир во брзопотезен шах*



*Прва фолклорна група на МКД Охридски бисери*



*Целовечерен концерт во Шемпетер кај Нова Горица заедно со КУД Македонка од Виена – март 2013 година*



*Настап во Јесенице – 2013 година*

друштва од Нова Горица, добивме простории во кои фолклористите можат непречено да одржуваат тренинзи, а покрај тоа Сојузот се грижи за нашата препознатливост на ова подрачје.

Фолклорната група под раководство на менторот Боре Митовски активно настапува на различни фолклорни настани по Словенија и странство.

**Секција на македонските жени**: Секцијата е формирана во 1999 година и претставува голема помош кај различните организации на гастрономски презентации. Со различни раководења до 2010 година, денес активно ја води Маре Сребранова.



*Маре Сребранова*



*Велигденски јадења – 2007 година*

## МКД Кочо Рацин - Обала, Копер

Дејствувањето на МКД Кочо Рацин - Обала, Копер, започна во дамнешната 1991 година, кога за првпат се собравме ентузијастите со желба на локалната заедница да и се претставиме со својата традиција, обичаи и јазикот. Тогаш сè уште не бевме официјално организирани во самостојно здружение, туку постоевме како културна секција на СКДМ Љубљана под името Св. Кирил и Методиј Копер. Секцијата ја раководел Борис Миленковски. Со желба за поголема активност и организираност, во 1995 година се собравме единаесет активни членови од секцијата и официјално се преструктурираме, преименувавме и основавме МКД Кочо Рацин - Обала, Копер. Основачи на здружението се: Славка Наумовска, Петар Наумовски, Копер; Виолета Матијевиќ, Изола; Иван Исоски, Копер; Димитар Лазаровски, Копер; Цветан Пелтековски, Копер; Милован Чочоровски, Порторож; Ванчо Шуманов, Изола; Ристо Бангиев, Луција; покојниот Јован Тасевски, Копер; покојниот Киро Јордановски, Изола. Во рамките на нашето здружение две години како секција работела групата Пела, позната по архаичното пеење на македонски и словенечки народни песни. Веќе 22 години традиционално организираме велигденско среќавање на Македонци од Словенија, на кое се собираме во доста голем број. На истиот ден се одржа претставување на македонските фолклорни групи од Словенија, натпревар во мал фудбал, сликарски изложби на нашиот аматерски сликар Цвето Пелтековски, кој живее тука, како и велигденска миса на македонски јазик. Бевме организатори на божиќните



*Шеста, седма и сегашна претседателка на МКД КОЧО РАЦИН – ОБАЛА, КОПЕР Виолета Матијевиќ*



*Прв и втор претседател на МКД КОЧО РАЦИН – ОБАЛА, КОПЕР Јован Тасевски*

*Покана на сликарска изложба на сликарот Славко Упевче од Охрид*





AKEDONSKO KULTURNO DRUŠTVO SV. KIRIL IN METODI KOPER
AKEDONSKA PRAVOSLAVNA SKUPNOST V REPUBLIKI SLOVENIJI
RAD ZA VERSKE SKUPNOSTI PRI VLADI REPUBLIKE SLOVENIJE

*Vljudno Vas vabimo*

*na otvoritev slikarske razstave akademskega slikarja Slavka Upevčeta iz Ohrida (R Makedonija):* OHRIDSKE CERKVE *in* FRESKE, *ki bo v ponedeljek, 15.4.1996. ob 19. uri v plesni dvorani koprskega gledališča, Verdijeva 3.*

*Siete gentilmente invitati*

*all'inaugurazione della mostra di pittura del pittore Slavka Upevčeta di Ohrid (R Makedonija):* OHRIDSKE CERKVE in FRESKE *che avrà luogo lunedi 15 aprile 1996 alle ore 19 nella sala da ballo del Teatro di Capodistria.*





Razstava bo odprta od 14. do 20. aprila '96 vsak dan, razen v soboto in nedeljo, od 8.00 do 15. ure.
Mostra rimarra' aperta al pubblico dal 14 al 20 aprile '96 dalle 8 alle 15.



*Фолклорна група на друштвото*

прослави во основните училишта во Копер со младите пејачи од Македонија како и организатори на едномесечната сликарска изложба на сестраниот уметник Љубен Димкароски и неговиот син Борис од Љубљана, во галеријата на Изола. Организиравме и средби и празнувања на Новата година. Неколку пати организиравме и хуманитарна помош за луѓе со материјални потреби од кои една од акциите беше наменета и за Македонија. Во овие години на нашето дејствување на гости ги каневме и сликарите, културните работници и музичарите од Македонија, како што се Славко Упевче, Ристо Дурло, група Боеми. Бидејќи во последните години се доселија повеќе семејства од



*Фудбалска секција на друштвото*



*Дел од фолклорната група*



*Настап на фолклорната група*

Македонија, а со тоа и повеќе деца, си зададовме за цел да формираме фолклорна група. Таа веќе започна со вежби и се обидуваме да организираме дополнителни часови по македонски јазик. Во сите овие 22 години нашиот главен проблем се простории (првин како секција, а подоцна како друштво) односно седиште на друштвото. Имено, со нив многу би придобиле.



*Трет претседател на МКД КОЧО РАЦИН – ОБАЛА КОПЕР*
*Коста Тосиќ*



*Четврти и петти претседател на МКД КОЧО РАЦИН – ОБАЛА, КОПЕР*
*Д-р. спец. Петар Наумовски*



*Осми претседател на МКД КОЧО РАЦИН – ОБАЛА, КОПЕР*
*Горан Ликовски*

## Информациска мрежа на членките на Сојузот на МКД во Република Словенија

Со сѐ поголемата популаризација на интернетот како нов медиум и почетоците на помасовно користење на услугите што ги нуди, Сојузот на МКД во Словенија и неговите членки беа принудени да ги следат трендовите поврзани со неговиот развој и можностите што ги нуди. На веб страницата на Сојузот на МКД во Словенија www.mak-slov.eu/zveza-mkd се наоѓаат информации, новости и фотогалерии поврзани со Сојузот и неговите членки. Слични вакви содржини се наоѓаат и на веб страниците на членките, до кои може да се дојде и преку врските кои се наоѓаат овде. Со богати содржини може да се пофалат МКД Св. Кирил и Методиј од Крањ, www.mkd-kim.si, Македонскиот културен центар (МаКуЦ) во Крањ, www.mkc-kranj.si, МКД Македонија од Љубљана, www.mkdmakedonija.si и МКД Билјана од Марибор, www.mkd-biljana.si. На форумот свои мислења и искуства разменуваат Македонци од Словенија и од матичната држава Македонија. Со развојот на социјалните мрежи (Фејсбук и други), повеќето информации исто така се објавуваат и овде, масовно се користи и електронската пошта, така што Македонците од Словенија секогаш се правовремено известени и информирани.

## Значајни постигнувања и добитници на признанија по повод 20-годишнината на постоењето на Сојузот на македонски културни друштва

За успешното дејствување на Сојузот на македонски културни друштва и неговите членки сведочат бројните признанија. Да наведеме неколку од најзначајните:

- Медалот Св. Јован Кукузел од Министерството за иселеници на Република Македонија во 2000 година му е доделен на д-р Илија Димитриевски за културен напредок на Македонците во Словенија;
- Голема плакета на Градската општина Крањ на д-р Илија Димитриевски, меѓу другото, за успешно раководење со Македонското културно друштво св. Кирил и Методиј, Крањ;
- Награда на Градската општина Крањ за 2012 година за 20 години успешно дејствување на Македонското културно друштво Св. Кирил и Методиј, Крањ;
- Одликување од претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов во 2013 година на Македонското културно друштво Св. Кирил и Методиј, Крањ, за афирмирање на Република Македонија во светот  и други;
- Плакета на градоначалникот на Општина Јесенице во 2013 година на Македонското културно друштво Илинден по повод 20-годишнината од дејствувањето на здружението.

Поединечните признанија за настапите на здруженијата и нивните секции на бројните општински, регионални, државни и меѓународни средби одделно се наведени при претставувањето на членките на Сојузот на Македонските друштва во Република Словенија.